# моја ЗЕМЈА

СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

април 2010 број 54 www.ffrm.org.mk цена: 50 ден.





ZETOR
ФЛЕКСИБИЛНОСТ, КВАЛИТЕТ И МОЌ




## ЦРВЕНО НОРВЕШКО ГОВЕДО И КАЈ НАС

ISSN 1857-534X



РОЗАТА-КРАЛИЦА НА ЦВЕЌЕТО



ГРАШОКОТ - ЕКОЛОШКИ ЗДРАВА ХРАНА



БОСТАНОТ ОД ЛЕЈКА - НАЈРОДЕН



ПРЕКАЛЕМУВАЊЕ НА ЈАБОЛКА

ΛΙΠΑΣΜΑΤΑ®
ΧΑΛΚΙΔΙΚΗΣ

Генерален застапник за Македонија

ЗОИ унион
тел.043 363 444

## ИМАМЕ СЕКОГАШ НА РАСПОЛАГАЊЕ

12-5-15+2Mgo+ME 6-12-18+2MgO+ME 5-20-30
8-30-20 11-15-15 8-16-24 16-20-0
21-0-0 34,5-0-0 20.5-0-0

и сите типови кристални и течни ѓубрива со потребните микроелементи

## ПРЕПОРАЧАНИ ЃУБРИВА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА КУЛТУРИТЕ

### грозје

12-5-15+2MgO+ME 12-12-17+2MgO+ME

### праски, јаболки, вишни

12-5-15+2MgO+ME 6-12-18+2MgO+ME 5-20-30

### житарици

16-20-0 20-10-0

### градинарство

12-5-15+2MgO+ME 12-12-17+MgO+ME 11-15-15

### компир, домат

5-20-30 11-15-15 12-5-15+2MgO+ME

### тутун

6-12-18+2MgO+ME 5-20-30 9-15-25 11-15-15

### ориз

12-5-15+2MgO+ME 24-12-12+1ZN

### пченка

30-10-5+1Zn 30-7-7 30-15-0

Ѓубривата се произведени по ISO стандарди и CE обележани со знак CE доказ за европски и национален квалитет.



ЗОИ-УНИОН ДОО

тел/факс 043 363 444 ; 043 363 455 e-mail : na-ki@t-home.mk

по нарачка ги обезбедуваме сите типови ѓубрива

## УРЕДНИЧКИ ЗБОР

# Пролет

Едно од најубавите годишни времиња е пролетта. Сѐ е расцветано, зелено и раздвижено. Април и мај се едни од најубавите месеци за прошетка и по македонските ниви каде што сѐ е раззеленето.

Но, ваквата атмосфера не ја чувствуваат и нашите фармери. За нив и понатаму голем проблем претставуваат неисплатените рати од продадени земјоделски производи од претходната година. Месец март е последен месец кога во УЈП требаа да ги достават своите приходи, а не се решени ниту проблемите со спроведувањето на паушалното оданочување.

На почетокот на месец март, фармерите останаа вчудоневидени од одлуката на ресорното Министерство за Програмата за рурален развој за 2010 година, а таа подразбира исклучување на мерките за подигнување оранжерии и модернизација на сточарските фарми. Уште повеќе ги демотивира изјавата на заменик министерот Перица Ивановски дека овие мерки се во ИПАРД програмата и нашите земјоделци треба да се навикнуваат да аплицираат за неа, без да се наведе образложение како ќе се решат проблемите со административните прашања. Од друга страна пак, ветувањата на власта и опозицијата дека им помагаат на фармерите уште повеќе ги иритира.

Сега се поставува прашањето што треба да се направи во една ваква околност. Постои една стара македонска мисла „Сложни браќа планина поместуваат". Заедничка комуникација, ставови, обединување е решение на проблемите и напредок на земјоделството. Само на ваков начин може да се врши притисок врз надлежните институции. Но, од друга страна, и тие треба да размислат, да излезат од своите канцеларии, да престанат со водење политика и да прошетаат по руралните средини за да ги видат реалните проблеми на фармерите. Само преку соработка меѓу сите засегнати страни може да се постигне развој.



Ако тоа не се направи, сѐ уште ќе стоиме во место и пролетта ќе изгледа убава само за посетителите, а за фармерите ќе биде време на проблеми.

Со почит,
Билјана Петровска - Митревска

## СОДРЖИНА




Ставови
ФФРМ БАРА ИЗМЕНИ ВО НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПАУШАЛНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ 6

Градинарство
МАГДОНОСОТ Е ИСПЛАТЛИВА КУЛТУРА 13





Поледелство
ЖИТНИТЕ КУЛТУРИ НАЈПОГОДЕНИ ОД ПОПЛАВИТЕ 22

Пчеларство
КУЌА ЗА ПЧЕЛИ 28





Заштита
КОРИСНИ ИНСЕКТИ - ПРЕДАТОРИ 32



Списанието е финансиски поддржано од Шведската агенција за меѓународен развој. Оваа помош се состои и од директно пренесување на искуствата и знаењата од фармерите во Шведска на фармерите во Македонија преку проектот Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија - СФАРМ.



Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број изле зе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

**Моја земја**
Април 2010
**Издавач:**
ФФРМ Медија
Ул. Гиго Михајловски
Бр. 3, 1000 Скопје
Тел/Факс: 02 3099042
е-маил: mojazemja@gmail.com
**Број на жиро сметка:**
250-0050000485-38 Инвест банка
380-1-645333 001-46 Прокредит банка
**Извршен директор и главен и одговорен уредник**
Трајан Димковски
trajan.dimkovski@ffrm.org.mk

**Уредник**
Билјана Петровска Митревска
biljana.petrovska@ffrm.org.mk
**Заменик уредник**
Македонка Балдазарска
domenmk@gmail.com
**Маркетинг и дистрибуција**
Благојче Најдовски 070/937132
blagojche.najdovski
@media.ffrm.org.mk
**Фото вест - насловна**
Благојче Најдовски
**Лектор**
Верица Неделкоска
Едита Јашари

**Новинари**
Антоанела Димитриевска, Моника Ристеска
**Стручни соработници**
проф. д-р Борис Анакиев, проф. д-р Драги Таневски, проф. д-р Маријан Кипријановски, проф. д-р Златко Арсов, Стојан Глигоров, Атанас Димитров, Б. Пушкар, Билјана Михаиловска
**Соработници**
Марија Ѓошева-Ковачевиќ, Мартин Трајчев, Накил Елези, Марија Котевска, Весна Деловска, Горица Богеска
**Дизајн:** Бригада дизајн - Скопје
**Печати:** Пропоинт Скопје


Почитувани читатели, сите сугестии, забелешки, прашања и критики, Ве молиме, да ги испраќате на маил адресите наведени во импресумот. Со тоа ќе влијаете на квалитетот на содржината и ќе добиете информации за Ваше подобро и поквалитетно земјоделско производство или развој на средината. Затоа, редакцијата Ве охрабрува да ни пишувате.

# Моќни и обединети жени-фармери



Пишува: Горица Богеска, фармер и член УО на ФФРМ

Маргинализирањето на жените не треба да се сфати како демотивација, туку тоа треба да биде мотивација за сите нас да започнеме да се здружуваме со цел и ние да станеме активни во процесот на донесување одлуки кои се важни за развојот на нашето земјоделство

Во рамките на земјоделското производство жената е сè повеќе инволвирана. Тоа е една од позитивните страни, но она што треба да се потенцира како проблем е тоа што жената-земјоделец е многу малку вклучена во земјоделското здружување. Овој проблем од една страна може да се толкува како помала заинтересираност од страна на жените кои повеќе се активирани во семејните работи и во извршувањето на активностите на фармите. Ова, на еден начин, доведува до маргинализирање на активното учество на жената во земјоделската политика.

Маргинализирањето не треба да се сфати како демотивација, туку тоа треба да биде мотивација за сите нас да започнеме да се здружуваме со цел и ние да станеме активни во процесот на донесување одлуки кои се важни за развојот на нашето земјоделство.

Не треба да се заборави фактот дека жената-фармер сè повеќе е носител на земјоделското производство. Според едно истражување направено за секојдневните женски работи (готвење, чистење, чување деца), жените поминуваат пет пати повеќе време од мажите, додека во селата тој однос е до девет и пол пати поголем. Според податоците на Обединетите нации, жените извршуваат две третини од светската работа, заработуваат 1/10 од светскиот приход, а поседуваат 1% од светскиот имот.

Овие податоци треба да бидат предизвик за нас, жените-фармери. За да ја подобриме својата положба, а воедно да станеме дел од одлучувачкото тело за развој на земјоделството, мора да изградиме инфраструктура и активно да се вклучиме во неа. Мрежата на жени-фармери која е работно тело при ФФРМ започна со работа на ова поле со цел да ги обедини сите жени-фармери во Република Македонија и да ги инволвира во земјоделското здружување. Цели на чиешто остварување работи Мрежата на жени-фармери се: економско јакнење, подигање на свеста кај жената-фармер за поголема вклученост во локалните здруженија, регионално ширење и промовирање на Мрежата на жени-фармери, интегрирање на родовите прашања во секторот земјоделство и поттик и поддршка на жените-претприемачи.

Со работата во Мрежата, жената-фармер треба да се избори за заслужениот статус во општеството како столб-носител на модерното земјоделско стопанство. Затоа, во неколку мои излагања сум потенцирала и уште еднаш ќе нагласам: ние, жените, мора да се инволвираме во Мрежата и на таков начин, здружени, ќе изградиме моќни и обединети жени-фармери.

# ФФРМ бара измени во Програмата за рурален развој за 2010 г.



Федерацијата на фармерите во РМ бара дополнување на мерките од Програмата за рурален развој за 2010 година со мерките за подигнување оранжерии и модернизација на сточарските фарми, како и изменување на Законот за персонален данок на доход во земјоделството. „Со оглед на тоа дека Националната програма има поедноставни критериуми за аплицирање споредено со ИПАРД програмата, ФФРМ бара да се вратат мерките за подигнување оранжерии (пластеници и стакленици) и за модернизирање на сточарските фарми каде што, за разлика од лани, за оваа година се исклучени инвестициите за одгледување на млечните крави, овците, козите, свињите и бројлерското производство. Ако се земе предвид дека многу малку фармери ќе аплицираат во програмата ИПАРД каде што се предвидени инвестиции во примарното производство на млеко, месо и оранжериското производство, значи дека овие потсектори ќе бидат иземени од инвестиции за оваа година", изјави Ѓоко Данаилов на средбата со медиумите.

Б. П. М.

На барање на ФФРМ, во новиот Закон за земјоделство и рурален развој

# Млекото влезе како мерка за поттикнување на потрошувачката

Млекото, заедно со овошјето и зеленчукот, да биде мерка за поттикнување на потрошувачката. Ова е предлогот на ФФРМ кој влезе во новиот Закон за земјоделство и рурален развој. Исто така, и во делот за регулирање на групи на производи и организации на производи, каде што во финалната верзијата на Законот беа ставени само овошјето и зеленчукот, на предлог на ФФРМ беше прифатено да се опфатат сите производи со што би се дало можност за поголем развој на ваквиот начин на организирање за сите гранки во земјоделството. Сепак некои од предлозите на ФФРМ не беа прифатени како што се: предлогот да се скрати периодот на исплата на земјоделски производи што се препишува само во исклучителни случаи од 180 дена да биде 90, интервентен откуп освен за пченицата да се предвиди и за други производи за кои исто така може да се јави проблем во откупот, како и крајниот рок на исплатата на директните финансиски плаќања да биде до крајот на март, наместо јуни, како што е пропишано со новиот закон.

М.Ѓ.К



Фармерите преку ФФРМ реагираат:

# Кравите, овците не гледаат телевизија



Федерацијата бара укинување на радиодифузната такса за земјоделците. ФФРМ го достави барањето до Советот за радиодифузија, по реакцијата на голем број фармери кои реагираа дека во нивните домови стигнуваат сметки за наплата. Во најголем број случаи фармерите се регистрирани на домашна адреса, а наплатата стигнува како за домаќинството, така и за земјоделската фирма. Ова се дупли трошоци за исти приемници и простории. Земјоделците во фармите немаат радиоприемници или телевизиски приемници или ако имаат тоа се најчесто радиоприемници за кои, според законот, се наплаќа 1/3 од утврдениот износ за радиодифузна такса, односно помала од основната. Таксата изнесува 130 денари месечно, сума која може и да се менува, зависно од трошоците на живот. Фармерите дополнително се оптоваруваат со плаќање на оваа такса што влијае негативно на нивната профитабилност. Освен регистрираните фармери, оваа такса им се наплаќа и на земјоделските здруженија. Познавајќи ја финансиската состојба на здруженијата кои едвај собираат членарина, а таа е многу мала, здруженијата овие средства треба да ги дадат само за радиодифузна такса или нема да можат и тие средства да ги соберат.

М. Ѓ. К.

# Санирање на депонијата во с. Русино

Бараме под итно да се санира депонијата и да се применат сите пропишани стандарди за заштита на животната средина, благосостојбата на животните и здравјето на луѓето. За долгорочно решение владините институции под итно да најдат домашен или странски инвеститор за регионалната депонија. Ова е барањето на здруженијата-членки на ФФРМ од полошкиот регион. По ваквата реакција на ФФРМ, Министерството за животна средина и просторно планирање одговори со писмо до РЦ Гостивар, преку кое информира дека во тек е постапка за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионалната депонија.

Б.П.М





# Измените во персоналниот данок донесоа олеснување или обременување кај земјоделците!?

Пишува: Марија Ѓошева - Ковачевиќ, аналитичар на ФФРМ

**Паушалното оданочување во земјоделството донесе нејаснотии во врска со тоа за кои фармери се однесува ослободувањето и кои се обврските ако се надмине годишниот приход од 1.300.000 денари**

Измените во Законот за персонален данок, донесени на почетокот на 2009 година, се чинеа повластувачки за фармерите. Ослободување од плаќање до 5000 евра приход, основица за плаќање од 20% од приходите ако се надмине оваа граница. Ако се спореди со изминатите години кога на овие фармери откупувачите беа обврзани да им одбиваат данок на 65% од откупната цена, овие измени изгледаат поприфатливи.

Кога се спроведуваше информативната кампања на УЈП, јасно ни беше дека малите фармери до 5000 евра приход се ослободени од плаќање персонален данок, а оние кои работат на друго место, но остваруваат приходи и од земјоделство, се со дополнителна дејност и за нив нема ослободување. Кога малите фармери ги поднесоа пријавите и на целата оваа даночна политика гледаа како на олеснителна, Министерството за финансии ја измисли категоријата земјоделци со дополнителна дејност, во која влегуваат сите оние кои не плаќаат пензиско и инвалидско осигурување, без разлика ако основната егзистенција им е од земјоделство и не се занимаваат со ништо друго. На сите оние што се надевале дека ќе бидат ослободени сега им стигнува известување од УЈП дека всушност тие не подлежат на ослободување и ќе плаќаат данок на цел бруто-приход.

Тука не завршуваат проблемите со паушалното оданочување. Сега се прашуваме што ќе се случи со оние фармери кои ќе го надминат ограничувањето од 1.300.000 денари? Во случаи кога откупувачите на земјоделски производи ќе им исплатат на фармерите за нивното производство од две години во една, тогаш многу е лесно да се надмине оваа граница. Од УЈП велат дека ваквите фармери треба да регистрираат фирма. Исто така, ако овие фармери досега биле осигуреници само во Фондот за пензиско и инвалидско и Фондот за здравствено осигурување, со право на остварување минимална пензија, сега треба да се пререгистрираат во некоја од законските форми со отворање фирма и сите придружни обврски сврзани со неа. Но, што ако следната година фармерот оствари помал приход од 1.300.000 денари, а тој веќе ја регистрирал фирмата?

Федерацијата смета дека осигурениците кои се регистрирани само во Фондот за пензиско и здравствено осигурување не треба да го менуваат статусот и да се пререгистрираат само затоа што се прават измени во Законот за персонален данок и го надминуваат приходот од 1.300.000 денари, бидејќи овие фармери веќе се одлучиле за оваа форма и според нив е адекватна за нивните земјоделски активности. Исто така, сметаме дека границата од 1.300.000 денари треба да се помести и да изнесува минимум 2.000.000 денари колку што изнесува поместувањето на обврската за задолжително регистрирање на ДДВ обврзници според новиот пакет на кризни мерки дадени од Владата.

ФФРМ неколку пати бараше средби со Министерството за финансии. По реакцијата на Федерацијата во јавноста, министерот Ставрески истакна дека секогаш им излегува во пресрет на фармерите и затоа сметаме дека не треба му претставува никаков проблем да ја реализира средбата за еден ваков покрупен проблем за кој е надлежно ова министерство.

## Кој се занимава со дополнителна дејност?

Во ниту еден закон немаме дефиниција за тоа на кои фармери земјоделството им е дополнителна дејност, иако Федерацијата бараше да влезе ваква дефиниција во Законот за земјоделство и рурален развој, но не беше прифатено. А колкава е оваа недефинирана целна група? Многу голема, но сепак нема точни податоци. Ако се раководиме од бројката дека имаме вкупно 192.000 земјоделски стопанства, според последниот земјоделски попис, од нив се приближно 13.400 осигуреници само за плаќање на пензиско и инвалидско, од недоволно развиени подрачја, регистрирани индивидуални земјоделци и фирми регистрирани според Законот за трговски друштва, тоа значи дека игнорираме група од 178.600, кои може да се пензионери, стечајци или со друг статус, а се занимаваат со земјоделство, но не се во јасна форма или според финансии, тие се со дополнителна земјоделска дејност. Значи, правото за ослободување од паушално оданочување може да важи само за 7% од сите земјоделци ако имаат помали приходи од 5000 евра.

Во Брисел се одржа третиот форум за аграрот

# Иднината на земјоделството во ЕУ - **најдебатирано**

**Тројца европратеници најавија жестока борба во комитетите за буџет и за земјоделство и рурален развој**

Пишува:
Мартин Трајчев, претставник на ФФРМ во Брисел

Новата Заедничка земјоделска политика (ЗЗП) по 2013 година дефинитивно во себе ќе содржи важен дел поврзан со јавните добра за чија достава земјоделците ќе бидат поттикнувани (сторирање на јаглерод диоксид, намалување на метанот, нитратите кои се ослободуваат во водата и земјата ќе бидат меѓу главните активности). Ова беше еден од генералните заклучоци на третиот под ред форум посветен на иднината на земјоделството, кој се одржа на 16 март во Брисел и беше во организација на компанијата "Сингента" и Европската организација на земјосопседници. Темата на форумот беше „Економијата и политиката на сигурниот пристап до храна и климатските промени“. Претседавачот на Форумот, двократниот еврокомесар за земјоделство, а денешен советник на хрватската влада во процесот на преговори за поглавјата поврзани со земјоделско-прехранбениот сектор, Франц Фишлер, на самиот почеток ја потенцираше важноста на собирот на којшто присуствуваа над 700 гости.

Тасос Ханиотис, директор во Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија, и Јанез Поточник, новоименуваниот еврокомесар за животна средина, нагласија дека е неизбежно да се вметне „зелена димензија“ во новата ЗЗП (преку достава на јавни добра), така што Поточник отиде утописки, нагласувајќи дека новата ЗЗП ќе се вика Заедничка политика за земјоделство и животна средина.

Иако темата беше улогата на земјоделството во климатските промени, впечатокот кој се доби е дека иднината на ЗЗП и нејзината содржина се главна преокупација во Брисел. Тоа што остави навистина голем впечаток кај присутните на форумот беа настапите на тројца европратеници (Мекгинис, Беге и Де Кастро) коишто истакнаа дека за развојот на европското земјоделство е негативно тоа што аграрот е изоставен од новата десетгодишна стратегија на ЕУ 2020. Тие се повикаа на промените кои стапија на сила со ратификацијата на Лисабонскиот договор и ја предупредија Европската комисија дека новостекнатото законодавно право поврзано со ЗЗП ќе го искористат да ги заштитат земјоделците најавувајќи жестока борба во комитетите за буџет и за земјоделство и рурален развој. Нивниот заеднички став беше дека сигурниот пристап до храна е најголемото јавно добро.



*Пауло Де Кастро, претседател на Комитетот за земјоделство на Европскиот парламент*



*Јанез Поточник, еврокомесар за животна средина*



# Годинава за поддршка на руралниот развој 10 милиони евра



За инвестиции во руралниот развој годинава со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ќе се одвојат 579 милиони денари или околу 10 милиони евра, што е за три милиони евра повеќе од минатата година. Огласот за распределба на средствата од оваа програма е во тек, а го објави Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Средствата се исплаќаат по принцип на кофинансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции или:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена-носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции во земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство до 40 години старост или жена-носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско-рурално подрачје.

Само за првата мерка која се однесува на инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства предвидени се вкупно 168 милиони денари. Земјоделците коишто се заинтересирани за оваа мерка односно за модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството на отворено, преку оваа Програма можат да набават трактори до 95 КС, култиватори и мотокултиватори, опрема и приклучна механизација за подготовка на почва, за садење, берење, пакување и складирање на свежи производи, набавка на генератори и агрегати за обезбедување енергија за работа на компјутери за контрола на наводнување како и набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување опрема и механизација и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. Условен критериум е минимум подигнати површини од 0,2 ха. Максималната вредност на прифатливи трошоци е до 2,5 денари.

За модернизација на одгледување на житни култури, исто така, можат да се набават по пат на кофинансирање трактори, приклучна механизација, опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување на житните култури, набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација како и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. За ваквите инвестиции е потребна минимум засадени површини од 1 ха. Максималната вредност на прифатливи трошоци е до 6 милиони денари.

Индустриските маслодајни, фуражни култури, тутунот и производството на компир, исто така, се поддржуваат со инвестиции кои се однесуваат на набавка на трактори, опрема и приклучна механизација за подготовка на почва, за садење, за берење и собирање, набавка на опрема за конструкција на силоси и опрема за контрола на влажност и опрема за чување, за набавка на опрема за постбербени активности на суров тутун, набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување и сушење тутун и опрема за сушење, набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опремата. Земјоделецот мора да располага со минимум површини од 1 ха под маслодајни и фуражни култури и 0,5 ха за одгледување тутун и компир. Максималната вредност на прифатливи трошоци изнесува до 4 милиони денари. Одгледувањето цвеќе и украсни дрва и растенија годинава се поддржуваат со вкупно 7

милиони денари и тоа доколку инвестициите се однесуваат на услуги за изработка на проект и техничка документација за градба, набавка на градежни материјали и елементи за конструкција од метал или алуминиум вклучително и прекривки од стакло или пластична прекривка, набавка на опрема за комунална инфраструктура и снабдување со електрична енергија, набавка на опрема за микроклиматски услови во оранжерии, набавка на култиватори или мотокултиватори, набавка на опрема и приклучна механизација за подготовка на почва, за садење и за берење, набавка на опрема за системи за наводнување и придружен компјутерски софтвер, на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на опрема и механизација и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. Минималната површина изнесува 0,1 ха за подигнување нови или за обнова на постојни оранжерии или 0,3 ха за набавка на култиватори или мотокултиватори. Максималната вредност на прифатливи трошоци е до 3 милиони денари односно до 5% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект.

Во сточарството се поддржуваат инвестиции во одгледување говеда за тов вклучително и телиња од систем крава-теле. Прифатливи инвестиции се: услуги за изработка на проект и техничка документација за градба, набавка на градежни материјали и елементи за градба за реконструкција и проширување на објекти за одгледување говеда за тов, набавка на опрема за опрема за подготовка на мешавини за исхрана и складирање на добиточна храна и проверка на квалитетот, опрема за системи за поење и хранење, опрема за оградување на просторот за одгледување и испуст, опрема за чистење на просторот за одгледување добиток, складирање и транспорт, набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на арско ѓубре и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. Сточарите мора да имаат минимум 15 до максимум 150 грла говеда за тов по турнус или минимум 35 до максимум 180 грла млечни крави и за одгледување на говеда за тов од систем крава-теле. Максималната вредност на прифатливи трошоци е до 4,5 милиони денари.

Инвестициите во одгледување на несилки се однесуваат на услуги за изработка на проект и техничка документација за градба, набавка на опрема за одгледување на несилки, опрема за подготовка и складирање на храната и проверка на квалитетот, опрема за системи за поење и хранење, набавка на инкубатори за живина, опрема за сортирање и чување јајца и проверка на квалитет, за чистење на просторот за одгледување живина, складирање на ѓубрето и транспорт, набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на ѓубрето како и услуги за вршење градежни работи и монтажа и инсталација на опрема. Критериумот којшто мора да се запази е минимум 1.000 до максимум 15.000 несилки по турнус. Максималната вредност на прифатливи трошоци изнесува до 1,5 милиони денари или до 3% од вредноста на проектот за услуги за изработка на проект.

Во модернизација на пчеларството ќе се поддржуваат инвестиции за набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства, опрема за одгледување пчели, опрема за производство на мед и пчелни производи и услуги за монтажа и инсталација на опрема. Пчеларот мора да поседува минимум 10 пчелни семејства, а максималната вредност на прифатливи трошоци изнесува до 500.000 денари.

Земјоделските производители можат да аплицираат и за другите мерки од Програмата за рурален развој.

# Годинава 71 милион денари поддршка за органското земјоделство

Органското производство годинава ќе се субвенционира со околу 71 милион денари што претставува зголемување за четири милиони денари во однос на минатата година. Согласно Стратегијата за органско производство, продолжува финансиската поддршка по неколку основи. За сертифицираното примарно производство следуваат плус 30 отсто од вообичаено проектираната поддршка. За хектар површина наменета за зелено ѓубрење или угар во плодоред субвенцијата е 3.500 денари за хектар. Финансиската поддршка за органско овчарство и козарство изнесува дополнителни 800 денари за грло овца и 700 денари за грло коза од основните субвенции за оваа категорија. Земјоделците со право на поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло, доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло ќе добијат по два отсто од вредноста на продадените производи со максимален износ од 150.000 денари по оператор. Толкав е и максималниот износ на субвенцијата за продажба на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло. Министерството за земјоделство ќе покрива до 50 проценти од трошоците за сертификат што го издава овластено тело. За лабораториски анализи на почва, вода и органски производи субвенцијата е 50 отсто од вредноста, но не повеќе од 9.000 денари по корисник.

Пријавувањето за користење финансиска поддршка во органското земјоделско производство е до 31 мај, а барањата за исплата се доставуваат најдоцна до 1 декември 2010 година.



# Менаџерот - клуч за успешна фарма

**Менаџментот во земјоделството е комплексен и динамичен процес, а еден од неговите најважни аспекти е работата со луѓето**

Пишува: проф. д-р Борис Анакиев

Земјоделското производство е сложен, ризичен, па и физички релативно тежок процес. Затоа менаџерот на земјоделското стопанство треба да поседува соодветна стручност и знаење од повеќе области за да може успешно да ги менаџира сите активности. Тој мора да знае дека на прво место треба да ги усогласи основните производни фактори: земја, работна сила и капитал, ако сака да има повисоки ефекти од работењето. Тоа значи дека според расположливите површини треба да обезбеди соодветен обем на средства - технички и финансиски, а исто така и соодветен број на луѓе што ќе го остварат планираното производство. Менаџерот на земјоделското стопанство треба да ги познава сортите, расите, семињата, ѓубривата, заштитните средства и други материјали што се користат во неговото производство. Тоа приближно би биле нештата што треба да ги знае за технологијата на производството за неговото стопанство. Меѓутоа постојат голем број мерки со кои се среќава производството на слободниот пазар, кои менаџерот треба да ги познава за да ги решава проблемите. Без оглед на тоа дали овие економски проблеми ќе ги решава сам, преку услуги од други или во рамките на кооперативата, тој мора да има познавање за следните функции: (во крупните претпријатија за тие функции има посебни менаџери) кога менаџерот управува со веќе формирано (изградено) земјоделско стопанство во кое се усогласени основните производни функции, неговата најважна задача е да го одржува и унапредува стопанството. Затоа мора да знае да планира - средства за производство, приноси, работна сила, финансиски средства за тоа производство и сл. Мора да има основни познавања од маркетингот - пазар на примарните производи, принципите на договарање и продажба, пакување, дистрибуција, пазар на големо, пазар на мало, крајни потрошувачи и сл.

Менаџерот-земјоделецот треба да знае дека треба да се води книговодство за стопанството за да има информации за трошоците и приходите, за да може да направи анализа по завршувањето на производството при што ќе оцени дали тоа производство со технологијата и организацијата што ги применил во производната година му ги донело планираниот принос и квалитет и дали постигнатата продажна цена му обезбедила покривање на планираните трошоци и добивка. Според некои автори, клучни аспекти во работата на менаџментот би биле: анализирање, организирање, планирање и контрола во извршувањето на процесот на производството (услугата), потоа примена на најдобри методи и техники во производството. Менаџментот во земјоделството е комплексен и динамичен процес, а еден од неговите најважни аспекти е работата со луѓето.

Фармерот има потреба од многу информации кога ја определува производната структура на стопанството, кога ги менува производните програми, кога прави долгорочни инвестирање, кога гради маркетинг-стратегија и друго. Информациите му помагаат да донесе решенија за важни области. Како да произведе? (некои сорти или раси на добиток се повеќе барани на пазарот од други) Кога и каде да го продаде производството или да ги купи потребните репроматеријали? (различни производи се со променливи сезонски цени). Какви трошоци за продажба да направи? (дали да дејствува самостојно или преку кооператива) Како да го прошири пазарот? (познавање на факторите кои имаат влијание врз потрошувачите) и др. Менаџирањето на земјоделските стопанства, особено на оние каде што менаџерот е и сопственик, зависи од склоностите на менаџерот.

## Европски искуства

Проучувањата на фамерите во Европа (Данска, Белгија и др.) покажуваат дека тие имаат различни концепции. Ван дер Полен заклучува дека стилот и раководењето на фармерот е специфично единство и усогласеност на следните елементи: комплекс од стратешки намери, оценки и разбирања, специфично структуирање на практиката на фармерството коешто кореспондира со стратешките намери и специфичен избор на взаемна поврзаност меѓу фармата од една страна и пазарот, државната политика и технолошкиот развој од друга страна. Некои автори (Бенвенути, Фровс) ги групираат менаџерите-сопственици на земјоделските стопанства на "конзервативни" и "прогресивни" и ги бараат културните фактори од кои зависи оваа припадност. Други автори менаџерите ги групираат во воздржани, прагматични и оптимистички убедени дека можат да се заштитат од ризици.






# БИЗНИС ПАКЕТ

ново!

За подобро банкарство, постојано на Ваша услуга:

02 / 2446 000

# БАНКА ШТО ГО РАЗБИРА МОЈОТ БИЗНИС!

„Земјоделието е дејност која бара навремена, комплетна и индивидуална банкарска поддршка. Во ПроКредит Банка добив банкарство какво што навистина посакувам.

Одберете и Вие подобро банкарство за Вашиот бизнис!"

- 7,5% годишна камата за дозволено пречекорување на сметка
- кредитирање со намалени каматни стапки и намалена провизија при исплата
- рефинансирање на кредити без провизија при исплата
- електронско банкарство без месечен надомест
- поволности за Вашите вработени
- Visa Business Electron картичка

за претпријатија со годишен приход над 6 милиони денари

ProCredit Bank

# Богат род без прскање и ѓубрење



Донка Ѓорѓиевска од Велес и нејзиниот сопруг веќе четврта година садат грашок на еден декар и во просек добиваат од 800 до 900 килограми грашок

Пишува:
Антоанела Димитриевска

Грашокот се сади наесен или напролет, по избор на земјоделецот. Некои велат дека е подобро наесен за семето да презими в земја, но според други не е доцна да се засади и напролет, на крајот на февруари или во текот на март. Меѓутоа годинава, поради обилните дождови и снегот, сеидбта на грашокот е малку пролонгирана. Земјоделците одамна ја подготвија почвата и чекаа да се исуши од големата влага од обилните дождови и снегот. Поради ваквите временски услови, годинава само мал дел од земјоделците засадија грашок во текот на февруари, а поголемиот дел од нив во втората половина на март. И 55-годишната Донка Ѓорѓиевска вели дека годинава подоцна го засадила грашокот. Инаку, Ѓорѓиевска работи како хигиеничар во ОУ „Тодор Јанев“ во населбата Чашка, на 20-тина километри од Велес. Но, откако пред дваесетина години сопругот кој работел во „Брако“ во Велес останал дома како стечаец, тие започнале да одгледуваат тутун, а веќе четврта година садат и грашок на еден декар. Таа појаснува дека грашокот не бара ни прскање ни ѓубрење, што значи дека е еколошки здрава храна и, што е исто така важно, дава богат род. Од својата нива која има одлична почва од мил тие добиваат во просек од 800 до 900 килограми грашок.

Се започнува со орање на почвата. Еднаш се ора во лето и втор пат наесен. Добро е и есенското садење бидејќи зрното грашок не ѕемне, но може да скапе од премногу влага. „Јас садам напролет“, вели Ѓорѓиевска.

Грашокот или безелјето, како што го викаат некои, има три берби. Тој стасува наеднаш и затоа при првата берба треба да се набере за една недела, обично од 5 до 10 мај. Тогаш сме ангажирани сите, целото семејство, а ни помагаат и други роднини за навреме да се собере плодот - зелените чушки, како што ги нарекуваме ние“, појаснува Ѓорѓиевска, која истакна дека чушката за берба треба да биде ни премногу мека ни премногу тврда, за да не биде старо зрното. Грашокот, според сопственото искуство на оваа жена, е вистинската земјоделска култура за плодните македонски ниви.

„Интересно е тоа што грашокот е многу отпорно растение, а од црвливото семе изникнуваат здрави стебленца со грашок. Првиот пат кога посадив, семето го купив од земјоделска аптека, а сега садам од сопствено семе. Откако ќе се засади во редови, се чека да изникне стебленцето. Потоа се копа целата нива и се прават редови, па се загрлува растението со земја и ако не врне, загрлениот грашок се полева со вода. Потоа се остава барем две недели да стои и грашокот се бере по 21 ден откако растението се загрлило со земја.



„Стебленцето на грашокот е многу плодоносна билка, дава и до четири килограми од стебленце. Всушност и последниот цвет исфрла чушки и токму нив, последните, ги собираме за семе. Со ова семе од нашата нива ние садиме две години од кои првата е најродна, исто и втората, а третата е помалку родна. Јас од мое семе садам трета година.“, појаснува Ѓорѓиевска.



# Со една сеидба, дури шест берби!



## Заштита со агрил

Спасовски инвестира во новата земјоделска технологија, која ја испробува самостојно на своите посеви. Ефектите се гледаат - делот кој растел покриен со агрил наликува на бујна ливада.

„Магдоносот добива за пет степени повисока температура кога е покриен со филц, со што е позаштитен од мраз. Филцот пропушта светлина, вода и ветер. Многу е лесен и не му штети на растението, бидејќи како што расте растението, тој се подига нагоре", објаснува Спасовски.

Во споредба со фолијата, филцот е релативно поевтин. Инаку, едно парче агротекстил долго 100, а широко шест метри, чини 5.000 денари.

Негативната страна на агротекстилот е неговото времетраење. Филцот има многу поограничен рок на употреба, отколку фолијата.



## Презимување на цвекло

Непродадените 15 тона цвекло, за да не измрзнат и да ги зачува што подолго, Спасовски ги складира во импровизираниот бункер. Од ноември, спакуван во мрежести вреќи, го става во ровот и го покрива со картони, а врз него на секој метар става цевка - оџак, за да може цвеклото да дише. Сето тоа го затрупува со 20 сантиметри земја, а како заштита става сува пченка, за да не замрзне. Вака Спасовски го заштитува своето производство за кое лани откупот не бил добар.

Пишува: Моника Ристеска

**Мите Спасовски од Јурумлери со два хектара магдонос во оваа сезона успева да обезбеди сосема солидна живејачка за себе и за своето петчлено семејство**

Целер, цвекло, трупка, брокула, кромид, марула, зелје, карфиол, прокељ - пупчар, се само дел од градинарските култури што Мите Спасовски од Јурумлери ги одгледува на вкупно 3,5 хектари (сопствена, но и изнајмена плодна почва).

Меѓутоа, негова посебна специјалност е магдоносот на кој му отстапува два декара простор од својата бавча. Одгледува магдонос од сортата Parsley leaf, но не го запоставува ни украсниот, францускиот магдонос од сортата Parsley petersilie.

„Во овој момент магдоносот е најисплатлив затоа што е најбаран на пазарот. Главната сеидба е во март, а од една сеидба може да се бере во текот на целата година. Јас берам дури шест пати", вели Спасовски. Тој секое утро на својата нива грижливо ги подготвува китките магдонос, кои ги бере со скалпел, ги врзува со ластиче, ги пакува во специјални ќесиња и потоа неговата сопруга ги продава на Зелен пазар во Скопје.

Инаку, во споредба со другите култури, магдоносот, како што раскажува Спасовски, не е полесен за одгледување, бидејќи како и секој друг зеленчук, поседува свои специфики. Можеби олеснителна околност претставува тоа што се заштитува од гасеници и вошки најчесто со едно прскање. Важно е да се нагласи дека 4-5 дена по прскањето зеленчукот не смее да се јаде, поради што се одолговлекува берењето. Макотрпната страна во одгледувањето на оваа култура е плевењето од тревата. И покрај тоа што една китка магдонос чини десетина денари, а и останатите едногодишни култури што ги одгледува се со ниски продажни цени, Спасовски успева да обезбеди сосема солидна живејачка за себе и за своето петчлено семејство. Вели дека нормално живее и секогаш оди на летен одмор од по 15 - 17 дена на море, а на зимски одмор по цел месец на планина.



# Бостанот од лејка - најроден


Веца Спасова, одгледувач на бостан

Калемените лубеници најчесто достигнуваат тежина од 15 до 20 килограми, во зависност од семето. Ако тоа е квалитетно (грчко), лубениците достигнуваат тежина и до 50-60 килограми

Пишува:
Весна Деловска

Во струмичкиот регион бостанот е најзастапен во подножјето на планината Беласица, особено во селата Габрово, Колешино, Борисово, Мокрино, Мокриево. Една од постарите одгледувачи на бостан е и Веца Спасова од селото Мокриево. Мотивот да се занимава со оваа култура произлегува оттаму што во нејзиниот крај, којшто е познат и како Подгорие, бостанот најмногу успева и е застапен и до 90%. Инаку, Спасова работните обврски околу десетината декари со бостан ги споделува со својот сопруг, Ангел Спасов, а ја одгледуваат сортата „еурека". Со одгледување на оваа култура се занимаваат веќе дваесетина години и таа порано била многу доходна.

Сортата „еурека" што ја одгледуваат тие излегува при крајот на јуни или почетокот на јули, но има сорти, како што е „кралица", кои излегуваат малку подоцна.

Во зависност од сортата на бостан и од климатските услови, некои години ваделе и по девет тони по декар, но во просек добиваат по пет тони по декар.

Калемењето, вели Спасова започнува во средината на март.

**Калемење**

Во регионот на Струмица најчест начин на одгледување бостан е со примена на методот на питомење или калемење", вели Стојан Глигоров, советник во Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството. Тој објаснува дека за питомење (калемење) на бостанот се користат повеќе подлоги: обична тиква (Cucurbita pepo), мускатна тиква (Cucurbita mochata) и др. Но, нај-

добри резултати се добиваат од питомениот бостан врз таканаречената „лејка" чие латинско име е Lagenarija vulgaris или позната како црпка, лејка и така натаму.

Неуспехот при одгледувањето на бостанот со расад најчесто се должи на лошиот развој на кореновиот систем. Но, спротивно на тоа, питомењето на бостанот на лејка се одликува со силен развој на кореновиот систем, што претставува голема сигурност, а позитивна особина претставува и тоа што се развива на пониски температури, па затоа питомениот расад може да се расади на постојаното место многу порано отколку непитомениот. Позитивни страни се тоа што кореновиот систем има поголема вшмукувачка способност, овозможува подобра исхрана, поголема издржливост, подобро се прима по расадувањето, отпорен е на ниски температури, како и на габични и почвени болести. Зреењето на плодовите е многу порано од стандардното, за околу 15-20 дена, плодовите се покрупни, приносите поголеми и со многу повисок квалитет.

Во текот на питомењето треба да се работи многу внимателно. Питомењето обично се изведува во текот на втората половина на март и почетокот на април. Расадувањето на постојано место доаѓа кога големината на коренот ќе биде во фаза на 4 до 5 листа, со доброразвиен коренов систем и стебло. Во разговор со производителите на бостан, тие укажуваат на позитивните особини на калемениот бостан во однос на отпорност кон болести, суша, потоа квалитетното производство, високите приноси во однос на бостанот кој се сее директно, без примена на калемење.

Постојат повеќе начини на калемење, но кај нас најмногу се користи методот "на расцеп", како и методот на странично калемење. Постојат и други начини кои не се застапени кај нас.



Претпоставките дека лубеницата калемена на лејка има вкус на тиква не се точни и практично е докажано дека тие се со извонредно добар вкус адекватен на сортата на бостанот која е калемена. За да се дојде до квалитетен расад, потребна е одредена стручност или познавање за што, пак, е потребно време и труд. Семето од лејка се сее неколку дена порано од семето на бостанот со оптимални услови на одгледување, кои подоцна служат како основа за производство на расадот.

Процесот започнува со сеење на семето од лејка во саксии. Откако ќе дојде во фаза на два листа, котиледони, се сее семето од хибридниот бостан. Во текот на одгледувањето се внимава на сите агротехнички мерки и кога ќе достигне во фаза на три листа тој се калеми на подлогата од лејка. Понатаму се сече стеблото од подлогата, лејка на која се оставаат само два листа. Потоа таа се засекува, а во меѓувреме во вид на клин се засекува и коренот од питомката-бостан. Во расцепот на подлогата помеѓу котиледоните и подлошката се поставува питомката на која претходно, исто така, се прави клиновиден двостран зарез со жилет и се прицврстуваат со конец или специјални штипки.






# Под кора - најбрз и наједноставен начин

Овој начин на калемење се изведува кога ќе започне движењето на соковите и кората се одвојува од стеблото. За пролетното прекалемување, калем-гранчињата се собираат во февруари пред потерувањето на пупките

Пишува: проф. д-р Маријан Кипријановски

Во практиката често се јавува потреба во насадите од јаболка да се врши прекалемување на овошките. Причините за прекалемувањето може да бидат различни: при недостиг на садници од бараната сорта да биде посадена друга сорта, по грешка посадена друга сорта, неродност на сортата, обезбедување поволни опрашувачи, чувствителност на посадената сорта на болести, штетници, мразеви и други непогоди, лош квалитет на плодот, плодот од таа сорта не е баран на пазарот, желба за воведување нова квалитетна сорта и др. Прекалемувањето може да се врши на млади непродени или, пак, на постари родни овошки.

Прекалемувањето на овошките се врши напролет, во март-април, кога ќе започне движењето на соковите, сè до почетокот на цветањето. Колку порано ќе се изврши прекалемувањето, толку поголем прираст ќе имаат калемите. При подоцно прекалемување резервната храна од коренот и стеблото оди во круната и при скратувањето на гранките таа се отфрла.

За пролетното прекалемување, калем-гранчињата се собираат во февруари, пред потерувањето на пупките. Гранчињата се чуваат до половина затрапени во песок, сместени на позасенчено место. Во песокот треба да се одржува доволно влага. Многу подобро е ако калем-гранките се чуваат во ладилник на температура од - 2°C. Во овој случај гранчињата се врзуваат во снопчиња, се навлажнуваат и се ставаат во црни пластични ќесиња. Вака спакувани, калем-гранчињата може да се чуваат до крајот на мај. Калем-гранките треба да бидат развиени 8-10 мм, добро созреани, здрави и собрани од периферијата на круната.

Кога имаме посадено садници од друга сорта, прекалемување може да се изврши напролет истата година, по садењето. Потребно е само да се причека садниците да се примат и да започне движењето на соковите. Во вакивте случаи калемењето се врши на висина на стеблото односно на 40-50 см од спојното место. Начинот на калемење зависи од дебелината на садницата, а се врши со проста или англиска спојка кај потенки (до 10 мм) и странично спојување кај подебели садници.

Прекалемувањето на постари родни овошки е биолошки и економски оправдано само ако овошката не го поминала половината од својот век на експлоатација. Постарите овошки потешко ги поднесуваат направените рани од пресеците, имаат послаб пораст на калемените гранки, потребно е повеќе време за обновување на круната и останува краток период за користење на плодовите од новата сорта.

Прекалемувањето на постари овошки може да се врши на скелетните гранки (кај многу дебели овошки) или директно на стеблото.

Кога прекалемувањето се врши на скелетните гранки, се остава некалемена една послаба странично насочена гранка, која ќе служи како хранилка која ќе врши асимилација додека се развие доволно лисна маса. Идната пролет се прекалемува и хранилката или таа се отстранува до основата.

Прекалемувањето на постари овошки од јаболка со дијаметар на стеблото до 15 см може да се врши и директно на стеблото. Притоа прекалемувањето на овошките оди многу побрзо во однос на калемењето на скелетни




*Успешно прифатен калем*

гранки, се добива поголем прираст на леторастите, на нив уште во првата година се формираат цветни пупки, а во втората година овошката започнува да плодоноси. Веќе во третата година овошката потполно ја обновува круната и дава нормален принос.

Најбрз и наједноставен начин на прекалемување на јаболка е под кора. Овој начин на калемење се изведува кога ќе започне сокодвижењето и кората се одвојува од стеблото. Притоа стеблото или скелетните гранки се пресекуваат со пила на мазно место коешто е со здрава кора. Потоа пресекот се обновува со нож-кастрач или некој друг нож. Подготовката на кората може да се врши на повеќе начини:

1. **Со еден надолжен пресек на кората** - по потсекувањето и измазнувањето на пресекот, кората се расекува надолжно на местото каде што ќе се стави калемот. Потоа со калемарскиот нож или со специјално клинче од коска или пластика малку се одвојуваат двете страни на кората, каде што подоцна се става подготвеното калем-гранче. По поставувањето на калем-гранките се врши врзување со појако врзиво.

2. **Со два паралелни пресеци на кората** - на кората се прават два паралелни пресеци на меѓусебно растојание колку што е дебел калемот. Потоа кората со клинче се подига во вид на јазиче и под неа се става подготвеното калем-гранче. По поставувањето на калемите, подигнатата кора малку се истенчува, а преку неа на околу 1 см под пресекот на стеблото се набива тенко шајче кое навлегува преку кората, преку калемот и стигнува до дрвото на стеблото. На овој начин калемот добро се затега и нема потреба од дополнително врзување. По едно клинче се кова и на кората од стеблото од двете страни до направените пресеци.

3. **Без надолжни пресеци на кората** - подготвените калем-гранчиња се поставуваат под кората која со клинче се одвојува од дрвешината. Калем-гранките мора да бидат потенки или седлесто подготвени.

Калем-гранчињата се подготвуваат со надолжен кос пресек кој се прави со еден потег на остар калемарски нож со должина од 3,5-4 см. Ако калемите се дебели, тие може да се подготват во вид на седло. На секои 7-8 см обиколка на стеблото или на 2 см дијаметар на стеблото се става по еден калем. На калемите се оставаат по две пупки.

Кај двата начина на калемење по поставувањето на калемите се врши премачкување на горниот пресек и на страничните пресеци на стеблото и пресекот на калем-гранчето со претходно подготвен калемарски восок. Потоа со хартија се премотува стеблото, таа се врзува и врз калемарскиот восок на пресекот на стеблото се става глинеста почва.




Сл. 1. Начини на прекалемување на посадени садници: А - со проста спојка, Б - со англиска спојка, В - со спојување отстрана




Сл. 2. Калемење на постари овошки под кора: 1. подготовка на питомката - обично и со седло, 2. со подигање на кората од една страна, 3. под јазиче, 4. без засекување на кората - на кларинет, 5. клинче за одвојување на кората

# Азотот, калиумот и фосфорот - база за правилен развој




Недостиг од овие мобилни елементи доведува до послаб или ретардиран раст на растението, а вишокот од нив предизвикува недостиг на други важни елементи за правилен развој на растението.

Пишува:
Дипл. инж. агр. Атанас Димитров

**Nitrogen (N) - Азот. Мобилен и макроелемент**

Има главна улога во развојот на растението. Со помош на азотот (N) растението создава хлорофил и врши фотосинтеза, создава аминокиселини кои се користат за производство на протеините на растението.

При **недостиг** на азот растението има послаб раст, листовите стануваат тесни, хлоротични, бледозелени. При поизразен недостиг на азот може да дојде до потполна хлороза и сушење на растението. Најчесто се забележува прво на најстарите листови, за потоа да напредува кон врвот на растението.

Недостигот на азот понекогаш може да се помеша со недостигот на магнезиум затоа што се слични. Недостигот на азот ќе се појави на врвот на листот и ќе напредува наназад кон задниот дел на листот, додека недостигот на магнезиум се појавува на целиот лист (листот пожолтува), а вените остануваат здрави. Значи, ако растението расте побавно и долните листови жолтеат, тогаш е во прашање недостиг на азот.

Премногу вода и премалку органски соединенија може да предизвикаат недостиг на азот. Растението не може да го апсорбира азотот ако е pH 4.0 - 5.5. Може да се апсорбира N со pH 6.0 - 8.0 , но pH 6.8 е совршена за N.

**Вишокот** на азот може да има токсичен ефект на развојот на растението, а големо присуство на нитрати влијае штетно и на здравјето на луѓето што го консумираат растението.

При вишок на азот се зголемува вегетативниот, а се намалува генеративниот раст на растението. Вишокот на азот предизвикува недостиг на бакар и цинк.

**Phosphorus (P) – фосфор. Мобилен и макроелемент**

Фосфорот е многу важен за развојот на коренот и на ластарите. Игра главна улога во цветањето и е класифициран како макроелемент.

Недостигот на фосфор ја намалува големината на растението. Ако недостига во помали количества може да се забави растот, а недостигот на поголеми количества може да предизвика сушење на листовите кои на крајот паѓаат.

**Недостигот** на фосфорот прво се забележува на постарите листови. Тие стануваат понежни, зелената боја преминува во црвенкаста, зависно од видот на растението.

**Вишокот** фосфор предизвикува недостиг на бакар, цинк, железо и калиум.

Растенијата не можат да апсорбираат фосфор на 4.0 – 5.5 pH вредност. Најдобра апсорпција на фосфор има во рамките на 6.0 – 7.5 pH. Вредноста над таа граница предизвикува недостиг на фосфор.

**Potassium (K) - калиум - Мобилен и макроелемент**

Калиумот има многу важна улога во развојот на растението. Доволни количества на калиум му помагаат на растението да има добро и стабилно стебло, да биде отпорно на болести, да прима вода, да помага при фотосинтезата. Калиумот може да се најде во целото растение и е неопходен во сите активности на растението поврзани со водата. Тој е неопходен во целиот животен век на растението, а најмногу во развојот на цветовите.

**Недостиг**

Премалку калиум во растенијата доведува до ретардиран раст на листовите, појава на жолти дамки по рабовите на листовите и нивно свиткување. Растението ќе почне да расте во висина и гранките и стеблото ќе станат лесно кршливи. Старите листови може да покажат црвенкаста боја и да се свијат нагоре. Големите листови обично добиваат некроза меѓу вените, се сушат, стануваат костенливи и на крајот отпаѓаат. Постарите листови добиваат повеќе жолтеникава боја и исто така се свиваат и паѓаат. Ако растението е во вегетација, растот ќе биде многу забавен. Во цветањето се забавува растот на ластарите. Најнапред ќе се појават темни дамки по листовите што често е предизвикано од малата влажност на воздухот. Понекогаш недостигот на калиум може да биде предизвикан од премногу калциум или од ниски температури.

**Премногу калиум** може да предизвика многу проблеми, оштетување на коренот и недостиг на калциум. Често доведува до недостиг на магнезиум, манган, калциум, цинк, железо.

**Калиум и pH**

Растението не го апсорбира калиумот на 4.0 – 5.5 pH вредност. Најдобро го апсорбира на 6.0 – 9.5 pH (поголема pH од 7 не е препорачлива за растенијата).




# Две децении бренд за семенски производи

**Основната дејност базирана на селекција и производство на семенска пченица, промет со семиња, минерални ѓубрива, средства за заштита и репроматеријали за земјоделството им изгради препознатлив бренд меѓу земјоделците. Високите приноси што ги даваат нивните сорти пченица и тритикале, како и сончогледот, хибридната пченка, градинарските семиња и други семенски производи што ги пласира „Агроунија“ се заслужни за довербата што ги одржа и издигна во нивното 20-годишно стопанисување**



*Хибридна пченка 371*



*Хибридна пченка 735*

Агроунија Скопје
тел/факс 02 257 27 77
agrounija@unet.com.mk
www.agrounija.com.mk

„Агроунија“ - Скопје е производно-трговска организација во приватна сопственост, основана во 1989 година и лоцирана во општината Илинден во Скопје. Оваа фирма е специјализирана производно -трговска организација која се занимава со научно-истражувачка дејност во областа на пченицата, селекција на семенски пченици, земјоделско производство и доработка на семенска пченица.

Во производните активности приоритетно место зазема програмата за селекција и создавање нови, високородни, квалитетни сорти пченица. Селекцијата е отпочната од покојниот Илија Оровчанец, доктор на земјоделски науки, инаку признат и познат селекционер, автор на 18 високородни признати сорти пченица. Денес со проектот за создавање нови сорти раководи Огнен Оровчанец, така што голем процент на производството на пченица во Република Македонија се сорти од „Агроунија“, како што се сортите „оровчанка“, „подобрена оровчанка“, „агроунија“, „олга“, „осатка“, „пелистерка“ и семенското тритикале „агроунија“.

Во 2009 година се признати три нови сорти пченица: „македонска родна“, „македонска рана“" и „балканија“ кои се нова генерација на селекции и се одликуваат со голем генетски потенцијал и одличен квалитет. Веќе се признати во Србија и Косово и се наменети за целиот Балкан.

Истовремено со селекцијата се одвива и процесот на размножување на новонастанатите сорти, како и одржување на сортната чистота на признаените сорти.

Втората производна активност во „Агроунија“ е земјоделско производство на пченица и тритикале на површина од 180 ха кои ги користи под концесија и на кои има организирано производство од семенски материјал.

Семенскиот материјал се доработува во Центарот за семедоработка на „Агроунија“, кој се наоѓа во центарот на Скопско поле во селото Марино. Со изградбата на овој Центар, во чиј состав се и магацинот и неколку продавници, се заокружува целиот циклус на земјоделското производство, од селекција, размножување, примарно производство и доработка на семенскиот материјал до пазарот.

„Агроунија“, како придружен член на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, истражувачката работа ја реализира во лабораториите на Земјоделскиот факултет на овој Универзитет, каде што се вршат сите анализи за квалитетот на семенските материјали наменети за македонскиот пазар.

### Соработка

„Агроунија“ е застапник на холандската фирма „Denice“ од каде што носат семенски компир од сортите „акцент“, „афродита“ и „фокус“. Компанијата има одлична соработка и со институтот „Земунско поле“ од Србија од каде што покрај сончогледово семе, увезуваат и семенска пченка. Особено внимание посветуваат на силажната пченка, конкретно, пченката од типот 735. Според експериментите што ги направи „Агроунија“, овој хибрид претставува голема перспектива за македонските ниви, особено е погодна за силажа, а може да се користи за производство на зрно. Хибридот 341, пак, е идеален за производство на добиточна храна. Овие хибриди, според истражувањата на „Агроунија“, се одликуваат со висок процент на родност. Пченката 735 се вбројува во групата на ФАО 700 и има поголема вегетативна маса од сите хибриди на Балканот. Оваа пченка има потенцијал на висока родност - повеќе од 13 тони од хектар и врвен квалитет со кои се наоѓа речиси на петтото место на скалата од нула до пет. Хибридната пченка 341 е идеална за зрнеста добиточна храна и спаѓа во групата на ФАО 300. Таа има ниво на влажност од 15 проценти, што е особено важно, бидејќи не е потребно досушување, туку директно се обработува. Отпорна е на суша и е со среден раст. На скалата од 0 до 5 по приноси, квалитет и отпорност на полегнување, хибридот 341 е на петтото место, што доволно кажува за вредностите на оваа пченка.

„Агроунија“ е застапник и на „Семенарнакооп“ од Нови Сад, која на 700 хектари произведува семе од луцерка, треви и други градинарски култури кои се достапни и за нашите земјоделци.




Производство во заштитени простори

ОРАНЖЕРИИ ПЛАСТЕНИЦИ





NetaJET

АГРО ТЕХНОЛОГИЈА
АГРО ИСКУСТВО
АГРО ЕКОНОМИЈА
АГРО ЗНАЕЊЕ

MAGAN-MAK

МАГАН МАК
Орце Николов 71
1000 Скопје Р. М
Тел: 02/3216-147
факс: 02/3216-158

NETAFIM™










# Житните култури најпогодени

Драган Мицковски, фармер

**Покрај финансиските проблеми со кои ќе се соочат фармерите, поплавите нанесуваат штета и на земјоделската обработлива површина. За поплавите во битолскиот регион, професорот Трпевски смета дека може да има загуби на азот, но само на нитратните облици, така што поголеми загуби би имало ако е извршено прихранување со азотни ѓубрива на житните култури**

Пишуваат:
Билјана Петровска - Митревска
Марија Котевска

Поплавите кои ја зафатија Македонија во март направија штети и во земјоделството. Најголеми проблеми предизвикаа во битолскиот регион, каде што е проценета штета од 31.000 евра. Комисијата за процена на штети во битолскиот регион истакна дека најголеми штети се направени кај посевите со пченица, јачмен и пченка. Екипата на „Моја земја" со својот објектив регистрира голем број штети направени од поплавите.

Во битолското село Загорани голем дел од земјоделските површини наликуваат на мали езера. Таква е сликата и во фармата на земјоделецот Драган Мицковски. Вкупната површина што ја обработува Мицковски е 105 хектари, од која 95 хектари е државно земјиште земено под концесија, а 10 хектари е негова сопственост. Земјоделската површина која се наоѓа под вода е околу 60 хектари, од која 45 хектари е засадена со пченица, а 15 хектари е засадена со јачмен.



Поплави во Кочанско


*Пелагониско езеро*

**„Нашите агрохемиски анализи на почвата во Пелагонија укажуваат на потребата од балансирање на хемиските елементи и примена на адекватни минерални ѓубрива. Има голем дебаланс на биогените елементи како и влошување на pH-реакцијата на почвата, која го поттикнува влошувањето на режимот на исхрана на растенијата“, потенцира професорот по агрохемија, Видоја Трпевски.**

„Од 60 хектари земјоделски плодна површина, 30 хектари се под концесија, а 6 хектари моја сопственост. Оваа година моите ниви три пати се поплавени. Она што планирам да го направам во наредниот период е да ја санирам штетата со тоа што повторно ќе ја изорам почвата и ќе ја засеам со пролетни култури сончоглед и пченка“, вели Мицковски, кој знае дека на ваков начин само ќе ги ублажи финансиските проблеми, а нема да ги реши. Мицковски го нема осигурано земјоделското земјиште, но Комисијата за процена на штети поминала и кај него, ја проценила штетата, им ветила дека ќе има надомест, но не им кажала колку ќе им биде исплатено.

Покрај финансиските проблеми со кои ќе се соочат фармерите, поплавите нанесуваат штета и на земјоделската обработлива површина.

„Една од загубите на хемиски елементи од почвата е водата кога ја има во големи количества. Штетите се прават во вертикала (во длабочина) познато како измивање, губење со ерозија и одлевање на хемиски елементи со површински води. Најголеми загуби под влијание на водата ќе имаат песокливите почви, а најмали глинестите. Кај песокливите почви има помала апсорпција на хемиските елементи“, објаснува професорот по агрохемија, Видоја Трпевски.

За поплавите во битолскиот регион, професорот Трпевски смета дека може да има загуби на азот, но само на нитратниот облик, а не и на амонијачниот. Нитратниот азот нема афинитет за апсорпција во почвата.

„Поголеми загуби би имало ако е извршено прихранување со азотни ѓубрива на житните култури особено ако тоа е извршено еднократно со целокупна доза во фенофазата братимење. Научниот приод за загубите на хемиски елементи од почвата се изведува со специјален прибор наречен „лизиметар“. Со овој прибор лесно може да се квантифицира кои хемиски елементи ѝ недостигаат на почвата. И со хемиска анализа може да се утврди до која длабочина е извршено измивањето на нитратниот азот во почвата. Ако длабочината ја надминува зоната за корeновиот систем, тогаш тој нитратен азот е изгубен за растенијата. Дел може да се врати со асцедентни движења на почвата, но само незначителен дел, зависно од механичкиот состав на почвата“, вели проф. Трпевски.

Професорот апелира земјоделците да прават агрохемиски анализи на почвата со цел кога има елементарни непогоди како поплавите лесно да може да се констатира состојбата на земјиштето и да се направи програма за ѓубрење.



# Црвено норвешко



**Првата демонстративна фарма на отворено за молзни крави, која се изгради со донација од Кралското норвешко општество за развој (NORGESVEL)**

Пишува:
Македонка Балдазарска

Првата фарма со црвени норвешки говеда во Македонија, Норгесим, се наоѓа на два километри пред Делчево, на влезот од кај Македонска Каменица, или, поточно, на 400 метри од регионалниот пат Делчево - Бугарија. Практично, тоа е првата демонстративна фарма на отворено за молзни крави, која е изградена со донација од Кралското норвешко општество за развој (NORGESVEL), со седиште во Крива Паланка.

За изградба на фармата на која се одгледуваат некаде околу педесетина животни, од кои, во моментов 30 се молзни и се чуваат и некаде триесетина телиња, норвешката инвестиција (без стоката), достигнала вредност од 150.000 евра.

- Фармата се изгради со цел во Македонија да се демонстрира поинаков начин на одгледување на кравите, за разлика од досегашниот традиционален, и во голема мера потежок и понедоходен начин, вели младиот фармер и менаџер на фармата Норгесим, Горан Вучковски.

- Дојдоа експерти од Норвешка и ги посетија нашите традиционални фарми, шталите кои се без вентилација, без светлина, со висок процент на влажност, а аналогно на тоа - и незадоволителни хигиенски услови. Анализата на експертите покажа дека фармите од отворен тип би биле полн погодок за ова поднебје, во наши услови.

Првичната идеја беше да се изградат мали фарми, со по десетина крави на повеќе локации, но проблемот беше во тоа како да се убедат фармерите дека крав-

## Здружувањето како предност

Според Вучковски, поентата на одгледување крави на отворено е во здружувањето и окрупнувањето на фармерите. За нашиот домаќин не важи онаа народната : „ортачкото месо ни кучињата не го јадат „.
- Овие табуа треба да се надминат. Ако сè добро се изрегулира, се стави на хартија и ако здружувачите се придржуваат кон пишаните правила на игра, односно, ако веруваат во здружување, може сè да функционира беспрекорно, вели Вучковски, кој заедно со татко му има 24 крави и се здружени со уште двајца фармери со по три крави.
По теркот на Норгесим веќе се изградени уште две фарми, едната исто, во околината на Делчево, а втората во Крупиште, Штипско.

# говедо и кај нас

**Пред да се вкрстат домашните крави со норвешки црвен бик, тие имале лактација под 4 тони за 365 дена, а сега, по три години од осеменувањето со овој вид бик, лактацијата се зголемува на 6 т. годишно. Поентата не е само во генетиката, туку на тоа влијаат и условите во кои живеат, како и исхраната.**



**Телињата од кравите осеменети со норвешки црвен бик имаат побрз и поголем прираст и, за разлика од сименталците, можат да се пуштат на паша. Има понуда за откуп на сите телиња по иста цена, како и за останатите од 180 денари жива мера.**



ите можат да издржат на отворено на минус 15°C. Затоа произлезе идејата за демонстративна фарма, која ќе биде пример за ваков начин на одгледување животни.

Да бидам искрен, и јас бев скептик во првата година. Се плашев да ги донесам кравите во фармата. Сега, секој што ќе се одлучи да примени ваков начин на одгледување на својата стока, слободно може да ја види нашата фарма, раскажува нашиот домаќин.

**Вкрстување со вештачко оплодување**

Секој посетител очекува да види црвени норвешки говеда, но наместо тоа ќе видите убави, стројни крави, но не и црвени, туку со вообичаен надворешен изглед. Домаќинот ни појасни дека кога говориме за црвено норвешко говедо, всушност, станува збор за постоечките квалитетни крави, кои нашите фармери ги имаа вкрстено меѓу источно-фризиски и сентименталки, и сега тие се осеменуваат со норвешки црвени бикови.

- Практично, здружението „Сименталец“ е прво кое успеа да добие 1000 дози семе од норвешки црвен бик за вештачко оплодување, во 2007 година. Дотогаш, според законот, тоа право го имаа исклучиво овластени институции, кои можеа да вршат увоз и дистрибуција на семе. Семето за вештачко осеменување (спермата) е донација од ГЕНО, Норвешка фирма која се занимава со производство на семе. Една доза чинеше пет евра, раскажува Вучковски.

- Сега, за кравите на сите фармери кои се членови на здружението „Сименталец“, осеменувањето чини само 200 денари.

А за тоа каков материјал сакале да добијат за вештачко оплодување на домашните веќе вкрстени крави, Вучковски вели дека произлегло од анализата на норвешките експерти.

- Разработивме систем, баравме карактеристики за нашиот терен. Експертите ги видоа нашите крави, теренот, нè прашаа за нашите потреби, дали сакаме повеќе млеко



**Фармата од јужната страна е отворена, а за да нема струење на воздухот, поставена е само мрежа. Подот во фармата е гумиран, кравите спијат на душеци, а изѓубрувањето се прави со скрепери.**







**Кравите во шталата слободно се движат, се молзат во посебна просторија која се наоѓа во продолжение на делот за престој, преку парен систем.**

или месо, дали ќе ги одгледуваме на екстензивен или интензивен начин, каков е генетскиот потенцијал, итн. Во здружението одлучивме тоа да биде комбиниран начин – да произведеме и добри телиња и доволно млеко, односно, да добиеме крави со здрави нозе за да одат на паша, повеќе да се искористува кабастиот дел, а не да се оди на концентрат, раскажува менаџерот на Норгесим.

Инаку, зад покриениот дел на фармата се простираат 4ха пасиште, заградено со електричен овчар, каде се напасуваат кравите. Речиси 90 отсто од храната се произведува на 50ха обработливо земјиште на површината на фармата. Додека во неподобен период како пред две години, според искуството на овој фармер, тие компостирале слама по специфичен рецепт – сламата ја третирале со одредени дози уреа и вар, која стоела три до пет недели во анаеробна средина (во вреќи), па потоа со неа ги храneле кравите. Нејзиниот квалитет го анализирале во Институтот за сточарство. Резултатите биле одлични. Инаку, 4 кг од оваа слама заменува 1 кг луцерка.

**Видот црвено норвешко говедо не се добива со селекција според чистина на расата, туку според добрите резултати. Тоа значи дека внуката на бикот со кој е извршена селекција на семето, дава повеќе млеко - 7,5 тони лактација за една година. Фармата Норгесим има веќе втора генерација од норвешките црвени крави.**



ГЕНО предвидува

# Црвеното норвешко говедо - бележана раса

Црвеното норвешко говедо е високо-продуктивна молзна раса, каде плодноста и здравјето се опфатени во целокупните одлики на истата уште од 70-тите години. Популацијата од оваа раса брои околу 260.000 крави, од кои 98% претставуваат дел од важниот Норвешки систем на следење, воден од кооперативата TINE. Овој систем обезбедува прецизни бележења и информации за сите молзни крави во Норвешка. Програмата CNK за одгледување има група од минимум 250 ќерки на еден бик, за да има доволно прецизни информации за сите одлики. Кравата CNK има жива мера од 550-650kg. Генетските трендови покажуваат дека со селекцијата, истовремено е покачено и производството и подобрено е здравјето на животните, како и нивната плодност. Здравствените одлики се опфатени во системот за следење на стада од 1978 година. Во моментов, се следи и маститисот (како и други болести), иако овие се ниско-наследни одлики. Тестирањата за наследност, базирани врз голем број женски говеда обезбедува селектиран попис со висока точност.

Голем број на CNK крави се обележани (без рогови). Систематска селекција на обележани синови по обележаните елитни татковци, со текот на годините ја зголеми фреквенцијата на животни без рогови. Се очекува дека CNK ќе стане бележана раса во наредните 20-25 години. Ова е значајно за сточарите низ светот, како за здравјето на животните, така и за низа економски фактори.

### Меѓународни опити

Многу години постои континуирано истражување во различни земји, како што се Америка, Ирска, споредувајќи ја CNK со холштајнот, како и CRF со вкрстувањата со холштајн. Овие опити се иницирани од универзитетите и истражувачките центри во угледни земји, во врска со загриженоста околу моменталната женска плодност, способноста за отелување и целокупното здравје на расата холштајн. Резултатите од вкрстувањата помеѓу CNK и холштајн се супериорни кога станува збор за здравјето, плодноста и отелувањето, во споредба со чистиот холштајн.

Доста голем и добро дизајниран истражувачки проект кој е спроведен и управуван од страна на Moorepark Dairy Production Research Centre, во Фермој – Ирска, кој кулминираше во изнаоѓањето чисти економски предности при вкрстувањето на расата CNK со вкрстените раси холштајн-фризијан, како и со холштајн-фризијан за млеко-производство. Управувањето со овој проект од самиот почеток го вршел Др. Френк Бакли од Центарот за истражување. Сите информации потекнуваат од проект на фарми, со 47 комерцијални испашни стада во Ирска, каде има скоро 400 чистокрвни холштајни, вкрстени раси CNK и F1 биле отелени и измолзувани преку три лактации, под исти услови на испаша на фармата. Според деталните записи, црвената норвешко говедо се покажала како супериорна над холштајнот, благодарејќи на зголемената плодност, како и отпорноста кон маститис и други болести.

# Сузбивање на црната дамкавост

**Болеста, која предизвикува прилично големи штети, изразено се проширува пред се поради намалена или неправилна хемиска заштита, особено при помала употреба на бакарни препарати**



Пишува:
д-р спец. Б. Пушкар, стручна советодавна служба

Црна дамкавост или Phomopsis viticola е во последно време сѐ почесто присутна болест во лозовите насади.

Болеста, која предизвикува прилично големи штети, изразено се проширува пред се поради намалена или неправилна хемиска заштита, поготово при помала употреба на бакарни препарати.

Симптомите на црната дамкавост се воочливи на младите ластари при што на кората се појавуваат темно сини долгунавести некрози со изразен врв кон краевите. Папките на заболените ластари видно заостануваат во развојот.

На пролет, кога температурите почнуваат да се зголемуваат над 10°C на кората се појавуваат препознатливите пикнидии по кои и болеста го добила своето име. Тие содржат голем број на спори кои ја шират инфекцијата а лесно се разнесуваат со ветер и дожд.

Бидејќи штетите од болеста се прилично големи и можат да доведат до пропаѓање на цела лозница и проредување на насадот, неопходни се правилни превентивни третирања со квалитетни средства за заштита.

Хемиската заштита се заснова на третирање со бакарниот препарат

NORDOX 75 WG, така што важно е да се напомене дека црната дамкавост се шири во раните фази од развојот на виновата лоза, кога сеуште не се заштитува од пламеница. NORDOX 75 WG како бакарен препарат со висока концентрација на чист бакар се употребува во количина од 0.1% т.е. 100гр на 100л вода. Во колку на пролет се поголеми штетите на папките во лозовиот насад потребно е во заштитата да се додаде и инсектицидот KING во концентрација од 0,02- 0,03% т.е. 20-30мл на 100л вода, кој што ќе ги сузбие лозовите пипи, совици и сл.

Во фаза на вегетација се продолжува со заштита со контактниот фунгицид MANKOZEB-R во концентрација од 0,25% или 250гр на 100л вода, секогаш во комбинација со течниот SUMPOR SC-80 во концентрација од 0,3% т.е. 300мл на 100л вода. Заштитата од црната дамкавост во подоцнежните фази од вегетацијата е истоветно со заштитата од пламеница.

ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА VETERINARY HOSPITAL СКОПЈЕ

ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА ДОО Скопје
СЛУЖБА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА
ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА
Дезинфекција:
Превенција и уништување на
сите видови штетни микроорганизми
(бактерии и вируси и нивните токсини)
Дезинсекција:
Сузбивање и контрола на сите видови
инсекти (бубашваби, мравки,оси и др.)
Дератизација:
Уништување и контрола на сите видови
штетни глодари (стаорци, глувци и др.)

Издаваме санитарни потврди
овластени од
Министерство за здравство на РМ.
тел.02/3115-756 факс 02/3115-105 моб.075/404-200.




# Куќа за пчели - исклучително практична за градските квартови

**Новиот изум наликува на скара во градината, односно изгледа како пластична кутија, а има два пати повеќе простор од традиционалната кошница. Направена е така што се редуцира роењето и има капацитет за 20 килограми мед годишно**

Новиот изум наменет за живеење на пчелите во градските населби, едноставно наречен КУЌА ЗА ПЧЕЛИ (BEEHOUSE), покажа дека пчеларството не е само за руралните подрачја. Конструкторот на ова модерно здание, пчеларот Јоханес Пол, објаснува како дошол до идејата за КУЌА ЗА ПЧЕЛИ.

BEEHAUS е нова кошница специјално дизајнирана за унапредување на пчеларството. Таа, всушност, е наменета за пчеларите кои живеат во градовите и во урбаните подрачја. Новата кошница е конструирана за поставување на покривите на зградите и куќите, т.е. во градините. Во куќата за пчели има доволно простор за држење и одржување на колонијата во текот на целата година, како што и инаку е предвидено во една кошница. Во овој период кога бројот на пчелите опаѓа, постои загриженост за тоа дали ќе има можност да се опрашуваат сите посеви. Поради тоа, агенцијата Natural England, под покровителство на Британската влада, решила да ги поттикне граѓаните да се занимаваат со пчеларство. Тим Ловет, претседател на Британскиот пчеларски сојуз, потврдил дека во последните 18 месеци бројот на членовите во урбаните подрачја пораснал од 3.000 на 14.500 пчелари. „Многу од нашите нови членови се луѓе кои живеат во градовите и кои се еколошки освестени", објаснил Ловет. За сите придојдени членови се организирани предавања и обуки за пчеларењето. Уште една битна работа е тоа што КУЌАТА ЗА ПЧЕЛИ се покажала како исклучително практична за градските квартови, едноставна за ракување и не пречи никому. Таа наликува на скара во градината, а приближно е и со толкава големина, односно изгледа како пластична кутија, а има два пати повеќе простор од традиционалната кошница. Направена е така што се редуцира роењето и има капацитет за 20 килограми мед годишно. Сместена е на високи ногарки кои ја подигаат кошницата на соодветна висина за пчеларот и ги чуваат пчелите од ладниот воздух во зима кога тие хибернираат. Подницата е мрежеста со што се овозможува вентилација и им помага (овозможува) на пчелите во одржувањето на хигената во нивниот дом. Покрај тоа, мрежната подница им служи на пчелите за контрола на вароата, бидејќи на тој начин се овозможува испаѓање на вароата од кошницата. Од фирмата „Omlet", за која работи Пол, ја продаваат во разни бои и претпоставуваат дека добро ќе се продава. Јоханес Пол објаснува дека една од причините поради која пчелните заедници се намалуваат е тоа што се држеле исклучително во руралните подрачја. Меѓутоа, нивното постоење во урбаните средини резултирало со флорална разноликост, што би помогнало и на пчелната и на човечката популација за производство на храна. Затоа и не постои причина тие да не живеат во град. „Сметам дека пчеларството е одлично хоби кое секој може да го практикува, а оној што ќе се реши за ова занимање, секако, би требало да вложи во квалитетни кошници, материјал, технологија, сопствено образование и да оди во чекор со времето. Дури тогаш пчеларот ќе има сладок работен век", порачува овој иновативен пчелар. Економските стручни лица од областа на статистиката пресметале дека годишните приходи само од опрашување на посевите во Велика Британија изнесувале 150 милиони фунти. Поради тоа не е чудо што сите сакаат да се занимаваат со пчеларство. Некои од љубов кон пчелите и еколошката освестеност, а други од „чиста" корист. Како и да е, нека има што повеќе пчели!






*Кошницата за пчели чини 465 фунти*

# Нурије Ахмети има 32 пчелни семејства



Нејзиниот пчеларник се наоѓа на надморска височина од 900 метри и е опкружен со разновидна вегетација, меѓутоа, како што кажува тетка Нурије, се соочуваат со подолготрајни зими во споредба со низинските предели во Македонија

Пишува: Накил Елези

Нурије Ахмети од село Падалиште, Гостиварско е една од ретките жени-фармери која професионално се занимава со пчеларство веќе шест години. Во моментот Ахмети има 32 пчелни семејства, но планира да го зголеми нивниот број. Нејзиниот пчеларник се наоѓа на надморска височина од 900 метри и е опкружен со разновидна вегетација, меѓутоа, како што кажува тетка Нурије, тие се соочуваат со подолготрајни зими во споредба со низинските предели во Македонија. „Многупати ни се случува пролетната паша да ја дочекаме со недоволно развиени пчелни семејства (јаки пчели) и затоа количеството мед по пчелно семејство многу варира и тоа од минимум 10 килограми до 25 килограми по пчелно семејство. Главната паша кај нас е претежно ливадска, а останатиот дел е разновиден (багрем, костен и др.)".

Работата со пчели бара многу смиреност (не сакаат нервозни луѓе), па затоа целосната работа и одговорност Ахмети ја презела на свој грб, во што се подразбира и редовната контрола која се врши сега, во април. Во овој месец почнува големиот преглед на пчелните семејства кои се сè уште зазимени. Прегледот се прави за да се констатира состојбата на пчелните семејства во однос на бројноста, здравствената состојба, дали и со колку мед располага пчелното семејство. За да може ова да се утврди, пчеларот мора да извади три до четири рамки со легло според кои ќе констатира со каква матица располага, дали има доволно поленов прав и уште колку мед има за пчелното семејство затоа што потрошувачката на мед од самите пчели во зимскиот период се зголемува. Како што објаснува тетка Нурије, ако се востанови недостиг на храна, пчелите треба да се прихранат со поленов прав кој ќе биде додаден во шеќерните погачи или, пак, во шеќерниот сируп, со цел безбедно и успешно да се зачуваат пчелните семејства.



*Главната паша е претежно ливадска*



*Пчелите треба да се прихранат со поленов прав*


Се за пчеларството
НЕКТАРКООП Куманово овластен дистрибутер на:

- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Ивањич - Стара Пазовај
- Јупитер
- Златна пчела Бих







- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 , 070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово

# Болести на растенијата ко

Пишува: **проф. д-р Златко Арсов**

Од самиот почеток на земјоделското производство човекот се среќавал со разни штетни организми, меѓу кои се и причинителите на болестите на растенијата. Денес не постои ниту едно растение кое не е нападнато од барем една растителна болест. Се проценува дека загубите во растителното производство од штетни организми (болести, штетници, плевели и сл.) се околу една третина од приносот. Во помалку развиените земји загубите се поголеми и понекогаш достигнуваат и до 50% од потенцијалните приноси. Проценките покажуваат дека поради болестите на растенијата се губи околу 10 до 12% од годишното производство.

На почетокот на земјоделското производство загубите биле чести и големи, а болестите на растенијата имале значајна улога во тоа. Во тоа време не се знаело зошто настануваат болестите на растенијата и кој ги предизвикува. Римјаните ги организирале познатите рубигалии молејќи му се на богот Робигус да им ја сочува пченицата од оган за да имаат со што да се хранат. Историјата е полна со слични примери. Дури некаде од средината на 19. век (1853 г.) научно е докажано што ги предизвикува болестите кај растенијата. Прво се откриени габите, потоа бактериите, вирусите и на крајот фитоплазмата, како причинители на болестите кај растенијата.

Болестите во поледелството нанесувале огромни штети. Некои од нив значајно или дури и драстично влијаеле на човечката популација, предизвикувајќи глад, миграција на населението, промени на навиките на човекот, пропаѓање на голем број фарми, компании, банкрот на банките и сл.

## ЕРГОТИЗАМ

Драстични појави на некои растителни болести кои влијаеле на историјата на човековата популација има многу, но ние пренесуваме само неколку. Ерготизмот е болест која се јавува кај човекот и кај животните кога тие за исхрана користат 'рж во која се наоѓа 'ржена гламница - морово рокче, чиј причинител е габата Claviceps purpurea (тврди творби, слични на кучешки нокот). Овие габи се формираат во класот на 'ржта и содржат алкалоиди, вклучувајќи ги и LSD, јаки халуцинирачки компоненти. Симптомите на ерготизмот кај човекот се различни, од трпнење на врвовите на екстремитетите (дланките, прстите, стапалата), висока телесна температура, халуцинации, ментална деградација, абортирање на плодот, нефункционирање на прстите на нозете и рацете поради слабата циркулација на крвта до појава на гангрена. По консумирањето големи количества на контаминиран леб доаѓало и до смрт. Слични промени се јавуваат и кај животните кои се хранети со контаминирана 'рж, брашно од контаминирана 'рж или ливадско сено во кое имало ваков вид на габи. И кај животните доаѓа до абортирање на плодот, губење на апетитот, намалување на тежината, опаѓање на млечноста, губење на папките, опашките и сл. Ерготизмот денес не е значајна болест. Човекот, преку научните сознанија, ефикасно се справил со неа. Меѓутоа, во средниот век умирале илјадници луѓе токму од ова болест, а не се знаела причината за нејзиното настанување. Болеста била позната како „свет оган“, поради високата температура и тресењето на рацете и стапалата. Оваа болест особено се јавувала во Франција поради користењето на контаминиран леб. Таму ерготизмот бил наречен „огнот на Свети Антон“, веројатно поради тоа што калуѓерите од Св. Антон успешно ги лекувале болните луѓе хранејќи ги со здрав 'ржан леб. Оваа болест и подоцна повремено се појавувала во Европа.Ерготизмот го променил курсот на историјата најмалку во еден случај. Познато е дека Петар Велики не успеал да ги сочува пристаништата во Црно Море (1772 г.) бидејќи неговите војници биле хранети со 'ржан леб во кој имало склероцидни габи, а и коњите не биле подготвени за борба затоа што и тие биле хранети со таква 'рж.



# и ја менувале историјата

## ПЛАМЕНИЦА НА КОМПИРОТ

Компирот потекнува од перуанските Анди од Јужна Америка. Во Европа е донесен во средината на 16. век (1556-1565 г.). На територијата на поранешна Југославија компирот е донесен околу 1785 г. Во Европа компирот брзо се ширел поради поволните почвени и климатски услови. Така од 1840 г. компирот станал главна храна на Ирците. Во тоа време еден Ирец просечно јадел преку два килограма компири дневно. Компирот лесно се одгледувал и на мали површини го имало доволно за исхрана на луѓето, поради што популацијата во Ирска напредувала во првите децении на 19. век.Во текот на 1840 г. во Северна Америка е забележана појава на пламеница кај компирот. Во текот на 1845 година ова заболување, кое најпрво било наречено епидемија "колера на кромпирот", а подоцна "пламеница на компирот" (причинител ohytophthora infestans), се јавило и во Европа. Болеста посебно ја зафатила Ирска каде настанала добропознатата "ирска глад". Од гладта умреле милион жители на Ирска, а милион жители се иселиле во прекуокеанските земји.



## СИВА ДАМКАВОСТ НА ПЧЕНКАТА



Со откривањето на хибридната пченка, приносите почнале нагло да се зголемуваат достигнувајќи неверојатна бројка од 10-15 000 кг/ха суво зрно. Хибридната пченка создала огромен пазар на семе. За да се издржи конкуренцијата на пазарот на хибридно семе на пченка, компаниите почнале да користат линија со машка стерилност, а тие гени се наследувале преку цитоплазмата на мајчинските растенија. Генот за машката стерилност на мајчинските растенија бил наречен "тексашка цитоплазматска машка стерилност" (Texas cytoplasmatic male sterility, CMS). Во практиката, кога се користат CMS машки стерилни линии на мајчинските растенија не треба да се отстранува метличката. Тоа значајно го поевтинило семенското производство. Поради тоа многу производители на семе во САД се потрудиле да преминат на користење на CMS линијата. Нејзиното користење траело само неколку години додека во 1970 година не се појавил нов вид на габично заболување, Cochliobolus heterostrophus (Helminthosporium maydis), кое било поврзано со користењето на само една машкостерилна линија, а која не била отпорна на наведеното заболување. Болеста се појавува на листот и на класот. Патогенот се ширел со ветрот и зафаќал огромен простор, од Флорида кон северниот дел на САД. Новата болест уништила преку 15% од семенското производство на пченката во САД. Проценето е дека загубите надминале милијарда долари. Научниците брзо реагирале и предупредиле дека во текот на 1971 година производството на пченка во САД ќе биде загрозено, доколку не се измени производството на семенската пченка.

## ТЕМНОСИВА ДАМКАВОСТ НА СОНЧОГЛЕДОТ

Во седумдесеттите години на минатиот век започнало создавањето на хибридниот сончоглед. Првите резултати биле извонредни. Хибридниот сончоглед давал високи приноси и добар квалитет. Поради зголемениот интерес за ваквиот сончоглед површините со овој вид растение во поранешната Југославија достигнале до 180.000 хектари. Но, успехот не бил за долго. Со распространувањето на хибридниот сончоглед на се повеќе површини доаѓа до појава на нова болест (слична на ЦМС хибридната пченка во САД), што ја предизвикала габата Phomospisis helianthi и оваа болест се ширела со ветрот, поради што приносот на сончогледот нагло опаднал. Така, површината од 180.000 во 1979 година се намалила на 36.000 веќе во текот на 1980 година. Во почетоккот на 80-тите години настанува недостиг од сончоглед, па затоа масовно се произведувало масло од соја, кое има полош квалитет од сончогледовото. Така, цели градови мирисале на пржена риба, затоа што соиното масло треба да се користи ладно, а со пржењето добива непријатен мирис.Со одгледувањето на уедначен генетски материјал (хибриди) на големи површини којшто е многу чувствителен на новите болести, дошло до огромни штети во производството. Науката брзо реагирала, барајќи извори на отпорност од отпорни сорти, кои со селекциони процеси се вградуваат во новите хибриди. Веќе во втората половина на 80-тите години производството на сончогледот се стабилизира, а денес е на задоволително ниво.



# Штетните инсекти - храна за бубамарата

ВОЗРАСНИОТ ИНСЕКТ УНИШТУВА 40-50 РАСТИТЕЛНИ ВОШКИ ДНЕВНО ИЛИ 3.000-4.000 ВО ТЕКОТ НА СВОЈОТ ЖИВОТ, ДОДЕКА ЛАРВАТА ПО ПАТ НА ИСХРАНА УНИШТУВА ОКОЛУ 600 РАСТИТЕЛНИ ВОШКИ. ВОЗРАСНИОТ ИНСЕКТ ИЗЕДУВА ОКОЛУ 30-40 ГРИЊИ НА ДЕН, 90-100 ВОЗРАСНИ ШТИТЕСТИ ВОШКИ И ДО 300 ЛАРВИ НА ШТИТЕСТИ ВОШКИ



Пишува: Дипл. инж. агр. Стојан Глигоров

Покрај хемиската заштита или уништувањето на штетните инсекти по хемиски пат, постојат и таканаречени корисни инсекти или предатори, кои исто така вршат намалување на бројот на штетните инсекти, пред сè, лисни (растителни) вошки со коишто се хранат. Мораме да нагласиме една многу важна работа - со употребата на хемиски средства за уништување на штетните инсекти во ист момент се уништуваат и корисните инсекти и така често пати се нарушува природниот баланс помеѓу корисните и штетните инсекти. Познавањето на животниот циклус на растенијата и животните може да помогне за нивно зачувување или за нивниот опстанок. Со зачувување на само едни видови на корисни инсекти без зачувување и на другите инсекти во биолошкиот круг на опстанок не се постигнува добар резултат. Помеѓу многубројните корисни инсекти кои помагаат во борбата против штетните инсекти е и седумточкестата бубамара.

Што се однесува до нашите земјоделски производители, малкумина знаат дека таа е корисен инсект и се храни со растителни лисни вошки со што овозможува намалување на употребата на хемиски средства - инсектициди. Седумточкестата бубамара или **Coccinella septempunctata** најчесто има една генерација годишно, а корисен вид е возрасниот облик (имаго). Ларвата се храни со растителни и штитести вошки, грињи и положени јајца од други инсекти. Возрасниот инсект уништува 40-50 растителни вошки дневно или 3.000-4.000 во текот на својот живот, додека ларвата по пат на исхрана уништува околу 600 растителни вошки. Возрасниот инсект изедува околу 30-40 грињи на ден, 90-100 возрасни штитести вошки и до 300 ларви на штитести вошки.

Возрасниот инсект презимува под опаднатите листови или на места каде што нема ниски температури. Напролет, по парењето, женката полага 400-600 јајца во групи од по 10-30 јајца и тоа на опачината на листот, но секогаш во близина каде што се проширени лисните вошки, така што по излегувањето на ларвите, тие се хранат со лисни вошки.

Комплетниот развој од јајце, па сè до стадиум на ларва и потоа до возрасен инсект трае околу два месеца. На смалувањето на бројот на единките најмногу влијаат ниските температури во текот на зимата, меѓутоа и недостигот од храна (лисни вошки и др.) во пролетта.

Ретка е појавата на каламитет (масовна појава) од некој штетник во природата поради постојаното присуство на некои предатори кои ги уништуваат по природен пат и така го доведуваат нивниот број приближно во границите на нормалата.





## СЕКОЈ ДОБИВА

За секоја годишна претплата на списанието **Моја Земја** во износ од 550 денари добивате подарок:

12 списанија за 2010 година

ПТТ Трошоци за достава на домашна адреса

Подарок батериска ламба со 7 ЛЕД диоди




+



+



= 550 денари

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регинален центар Битола<br>ул.Јосиф Јосифовски бр.28<br>во близина на Главната пошта<br>Тел: 047 225 635 | Регионален Центар Кочани<br>ул.29 Ноември 66<br>во близина на Автобуската станица<br>Тел: 033 278 475 | Регионален центар Струмица<br>ул.Васил Сурчев бр.17<br>Тел: 034 340 425 | Регионален Центар Гостивар<br>ул.Беличица 66 (ИКЛ Горни полог)<br>Тел: 042 218 157 |


НОВО

СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОМОГНЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО Р.М.

ФФРМ Медија




**ФФРМ МЕДИЈА ИЗДАВА БРЕНДИРАНИ МАИЦИ И КАБАНИЦИ КОИ УКАЖУВААТ НА ЗНАЧЕЊЕТО НА АГРАРОТ ВО НАШАТА ДРЖАВА И СВЕТОТ.**

БРЕНДИРАНИТЕ ПРОИЗВОДИ СЕ СО СИМБОЛИЧНИ ЦЕНИ:



МАИЦА-250ДЕН | КАБАНИЦА-450ДЕН








Floraskop

# РОЗАТА - КРАЛИЦА НА ЦВЕЌЕТО





Доколку не сте од оние среќници што имаат двор, розата може да ја засадите и на тераса, но само доколку вашата тераса е на сончевата страна бидејќи розите се растенија кои не виреат без сонце и светлина

Пишува:
Биљана Михаиловска



**За вашиот двор или за тераса го препорачуваме следниот избор на рози:**

**Ползавци:**
Don juan *(мирисна темноцрвена)*
Lise cronesuperior *(бела)*
Golden Schovers *(жолта)*

**Полијанти и флорибунда:**
Alain *(јако розова)*
Anabell *(портокалова мирисна)*
Carol *(розова)*
Orange Melliandina *(портокалова)*

**Хибридни чаевки:**
Ambasador *(бело вино)*
Papa Meilland *(темноцрвена)*
Duftgold *(златножолта)*
Die Welt *(жолта, розова, портокалова)*

**Минијатурни или џуџести рози:**
Baby Maskarada
*(од светложолта до темноцрвена)*
Rosmarin *(светлорозова)*
Pour toi *(бела)*


Алаин


Карол


Анабел

Поради убавите бои, елеганцијата и долготрајното цутење (околу 200 дена во годината) розата со право ја нарекуваат кралица на цвеќето и секој вистински вљубеник во природата треба да ја има во својот двор или на терасата.
Латинското име на кралицата на цвеќето е rosae, што значи роза или од од грчкиот збор rhodon - роза. Грчкиот остров Родос своето име го добил токму по розите, бидејќи розите оттаму биле праќани на римскиот двор за украсување при разни свечености.
Пролетта е најпогодно време за садење на розите, меѓутоа овој период е многу кус бидејќи розите рано се будат од зимскиот сон и веднаш развиваат лисни и цветни папки, а кога се во таа фаза веќе не е препорачливо нивно садење.

## Засадување и кастрење

Веднаш по засадувањето треба да се загрнат со земја така што од гранчињата треба да се гледаат само 5-10 сантиметри. По 21 ден треба да се разгрнат и да се негуваат како и постарите рози. За розите кои се во контејнер не важи ова правило. Тие може да се садат во текот на целата вегетација.

Доколку розата веќе ја имате во својот двор, раната пролет е времето кога треба да се позанимавате со овие убавици. Ако наесен розите се нагрнат со земја, како што најчесто се прави, розите сега треба да се разгрнат, а потоа со остри градинарски ножици се кастрат сите суви и скршени гранчиња како и старите и дебели гранки, додека преостанатите треба да се поткројат на 4 до 5 окца, т.е. на висисна од 30-35 сантиметри. Розите-ползавци не се кастрат, туку само се потсекуваат оние гранки кои се стари или пречат.



## Ѓубрење

Веднаш по кроењето е пожелно околу секој бокор (корен) да се стави прегорено шталско ѓубре или една до две лопати тресет како и минерално ѓубре специјално наменето за розите. При ѓубрењето треба внимателно да се дозира количината за да не се постигне спротивен ефект. По првото цутење повторно би требало да се додаде минерално ѓубре, а потоа на секои 15 дена сè до седмиот месец. Доколку не најдете специјално минерално ѓубре за рози, можете да искористите и некое друго кое содржи азот, фосфор и калиум во размер 15x15x15 или 10x15x15. Се става секогаш околу бокорот, никако директно на корен или на лисјата, бидејќи ќе изгорат. Доколку е сушна пролет, треба обилно да се полеваат.

## Болести

Најчестите болести кај розите се пепелницата која се јавува најчесто по долг период на влажно време и 'рѓа (лекувањето е со фунгицид врз база на сулфур и со механичко отстранување на најзагрозените листови, а кај 'рѓата врз база на бакар), како и појава на лисни вошки (кои се отстрануваат со инсектициди).

## Размножување

Розите се размножуваат со калемење, но на аматерите им се препорачува разможување со резници или пелцери. Разможување на розите со резници може да се направи веднаш по првото цутење или во текот на есента. Доколку не сте од оние среќници што имаат двор, розата може да ја засадите и на тераса, но само доколку вашата тераса е на сончевата страна бидејќи розите се растенија кои не виреат без сонце и светлина.




## Цветови за во вазна

И за крај, најубавиот дел од работата е сечење на цветовите за во вазна. И за оваа постапка постои правило - розата се сече со остри градинарски ножици доцна навечер или рано наутро, секогаш со кос рез. Исечените цветови веднаш се ставаат во вазна.
**Уживајте во нивната убавина!**


Дон Јуан

# Common rail систем

**Системот овозможува едноставно вградување и примена на постојните дизел-мотори, бидејќи не бара промена на цилиндарската глава и овозможува висок притисок независен од брзинскиот режим на работата.**

Пишува: Проф. д-р Драги Таневски

Системот common rail е од понов датум и е создаден во Италија при крајот на 1998 година. Тој е резултат на работата на најголемите производители во светот на пумпи со висок притисок и други направи кај системот за впрскување на дизел-горивото.

Системот овозможува едноставно вградување и примена на постојните дизел-мотори, бидејќи не бара промена на цилиндарската глава и овозможува висок притисок независен од брзинскиот режим на работата. Овој систем е базиран на една заедничка магистрала (common rail) и со помош на пумпа со висок притисок се обезбедува висок притисок од 1.200 до 1.500 бари.

Common rail технологијата на директно впрскување на дизел-горивото се состои во тоа што кај овој систем создавањето на притисокот во дизел-горивото и впрскувањето на горивото се независни процеси. Притисокот на дизел-горивото е независен од бројот на вртежите на моторот и од количеството на впрсканото гориво во цилиндарот на моторот. Во заедничката магистрала на системот дизел-горивото се наоѓа под висок притисок и во моментот кога е потребно, тоа е подготвено за впрскување во цилиндарот на моторот. Почетокот и времетраењето на впрскувањето на дизел-горивото, според електричните сигнали кои доаѓаат од сензорите за положбата на брегастото вратило, бројот на вртежите на коленестото вратило, за притисокот на воздухот, за положбата на педалата за гас, температурата на средството за ладење, масата на воздухот и притисокот на горивото, го пресметува електронската управувачка единица (EUE).

Прскалките се опремени со посебни магнетни вентили кои овозможуваат променливо управување според моменталните потреби. Високиот притисок, кој доаѓа до израз при низок број на вртежи на моторот, како и променливото командување со впрскување на горивото, овозможува распределба на горивото и воздухот во цилиндрите, што реперкуира во ниска потрошувачка на гориво и чисти продукти од согорувањето.

Впрскувањето на дизел-горивото со цоммон раил системот значително се разликува од конвенционалното впрскување. Разликата произлегува од начинот на создавање на притисокот во заедничката магистрала и начинот на дозирање на впрсканото гориво. Овој систем овозможува секоја прскалка да изврши повеќе впрскувања на дизел-горивото за време на еден работен циклус на моторот и тоа: пред впрскување, главно впрскување и дополнително впрскување (во случај на построгите Еуро стандарди за продуктите од согорувањето).

Common rail системот може да се вградува во различни типови на дизел-мотори. Со развитокот на дизел-моторите се развил и самиот систем за впрскување на горивото. Bosch го развиле common rail системот за користење кај дизел-моторите. Првата генерација на овој систем е дизајнирана и изработена за создавање висок притисок од 230-1350 бари, кој се инсталира на моторите кај патничките автомобили и комерцијалните возила. Специјален common rail систем е приспособен за вградување на помоќни дизел-мотори кои се користат кај тракторите, локомотивите и бродовите.

Со почетокот на 2001 година започнало производството на нова серија common rail која е поусовршена од првата серија. Овој нов систем има подобра контрола на пумпата која го испорачува дизел-горивото под висок притисок. Втората генерација на common rail системот работи со притисок од 1.600 бари, а исто така е координирана и заедничката работа со електронската управувачка единица (ЕУЕ).

Со построгите стандарди за емисијата на штетните гасови, заради заштитата на животната средина, фабриките за производство на мотори со внатрешно согорување се стремат кон усовршување на технологијата на моторите, кои го имаат усовршено својот мотор со вградување четиривентилска технологија и тој работи со common rail sistem.

Поради промените на новите закони за емисијата на штетни гасови кој стапи на сила од 1 јули 2003 година, пропишан од Европската Унија, компанијата John Deere во серијата трактори 6320-6920 S со моќност на моторот од 74 до 118 kW вградува common rail систем со четиривентилска технологија по цилиндар.

Дизел-мотор John Deere со common rail систем





земјоделска механизација
ЕВРО-СТИЛ
БИТОЛА
LANDINI
од 50-230ks
2WD и 4WD
FAMAROL
Преса за сено и слама
CHANGFA APOLLO
од 40-90ks
ÇEL-MAK
ротациона
косачка
Универзална
редосеалка
TAFE 42 DI
TAFE 45 DI
MASSEY
FERGUSON
MF240
ОПРЕМА ЗА МЛЕКАРСТВО
И МЛЕКОВОДНИ СИСТЕМИ
ул. Довлеџик ББ
7000 Битола, Македонија
e-mail: evro_stil@yahoo.com
факс. +389 47 236 100
тел. +389 47 233 100



# Атомизери од 1100 литри

Протокот на пумпата е важен заради мешањето на течноста внатре во бурето и не дозволува таложење на дното од бурето - правење на хомогенизирана смеса

Пишува: Николче Трампевски

Една од најскапите агротехнички мерки без која не се може во лозарството и овоштарството е хемиската заштита на насадите. За оваа цел, современите лозаро-овоштари кај нас ги употребуваат главно атомизерите од 1100 литри. Основни елементи од кои зависи квалитетот на прскањето, а секако и цената на атомизерот се следните:

- Пумпата три или четири клипна, со проток од 120 лит/мин односно 140 лит/мин. Фаворизиран производител на пумпи е "Comet" Италија. Протокот на пумпата е важен заради мешањето на течноста внатре во бурето, и не дозволува таложење на дното од бурето - правење на хомогенизирана смеса;
- Главен филтер, и важна дополнителна опција која чини околу 200 евра се секундарните филтри кои вршат уште една фина филтрација пред смесата да „стигне"до дизните. На овој начин се овозможува непреченост во работата и се избегнуваат честите застои заради запушување на дизните, а секако се продолжува и векот на траење на дизните;
- Распрскувачот да биде од материјал отпорен на корозирање, бидејќи самата смеса го нагризува обичниот метал. На самиот распрскувач да има насочувачи кои создаваат турбуленција на воздухот и помагаат листовите да се „затресат" и на тој начин потполно од горна и долна страна се врши третирање;
- Шасијата, има битна разлика дали е бојосана или поцинкувана, повторно заради отпорноста на корозирање.
- Редуктор за регулирање на брзината на перките.
- Можност од менување на аголот на перките, а со тоа и протокот на воздухот
- Бурето - може да биде од пластика или од полиестер. За изглед е подобро пластичното буре, меѓутоа полиестерот е материјал кој полесно се лепи во случај на оштетување.
- Секој атомизер содржи додатен сад за чување на чиста вода за миење на раце.

Цената на еден ваков атомизер во Македонија со полна опрема изнесува 3.600 евра со вклучено ДДВ - производител Онтар, најспецифираниот Турски производител за ваков тип на опрема!



*Комет пумпа*



*Дополнителни филтри*



*Атомизер 1100l*



*Вентилатор*




Ако мислевте дека John Deere перформансите се само за големи трактори, со задоволство ќе откриете дека го вградивме целото наше инжинерско искуство во креирањето на новата 5E серија на трактори.

Посетете го вашиот John Deere дилер, денес.

JOHN DEERE



Сите 5E модели се компатибилни со John Deere предни утоварачи.

sinpeks

**СИНПЕКС ДОО**
Битола, Грчки пат бб
Тел: 047/208-500 Фах: 047/208-515

www.JohnDeereInternational.com

# ZETOR - флексибилност, квалитет и моќ

**Сите модели на тракторите ZETOR нудат совршена комбинација од моќ, едноставни операции, мали трошоци, како и огромна сигурност и сестраност во работата**

ZETOR е производител на трактори со традиција од 64 години. Откако првиот трактор Зетор беше претставен на пазарот во 1946 година, пропатува долг пат и се всели во повеќе од милион семејства, во 90 земји ширум светот. Традицијата и успехот отсекогаш биле и ќе останат основа на овој бренд, тие се производ на успешниот истражувачки и развоен центар. Моментално, ZETOR е водечка индустриска компанија во Централна Европа и најголем производител на трактори помеѓу новите членки на Европската Унија.

Новите модели на тракторите ZETOR кои веќе се пробиени на европскиот пазар се производ на долгогодишната традиција, квалитетот и достапните цени.

Моделот Proxima кој може да биде 2WD или 4WD, располага со мотори од 65 до 95 КС. Овој модел, како и сите модели на Zetor-трактори, е опремен со Tier III мотор Zetor, кој ги исполнува стандардите за издувни гасови и е препознатлив по својата економичност и сигурност.

Средната категорија на трактори со погон на сите четири тркала и мотори од 85 до 105 КС е моделот Proxima Plus, опремен со 16x16 целосно синхронизиран менувач и хидраулика со голема моќ на подигање, над четири тони.

Моделот Proxima Power со мотор од 85 до 115 КС го прави впечатлив неговиот моќен „шатл" менувач со 24 брзини напред и 24 брзини назад.

Најголемиот Zetor-трактор Forterra со мотор од 97 до 130 КС изобилува со моќни технички карактеристики кои го прават најдобар во својата класа.

Сите трактори се опремени со комфорна херметички затворена кабина, со двојна заштита на подот и бучава од само 78 dB.

Сите модели на тракторите ZETOR ви нудат совршена комбинација од моќ, едноставни операции, ниски трошоци, како и огромна сигурност и сестраност во работата.

Купувачите на тракторите Zetor ги дознаа неговите предности - долгата и успешна историја, високиот чешки квалитет, единствениот недостижен дизел-мотор, малите трошоци и прекрасниот дизајн.

Земете го и Вие клучот и следете ја традицијата, флексибилноста, квалитетот и моќта. Следете го Zetor.



*Погон на сите четири тркала*







*Пространа и прегледна кабина*

Since 1946

tractor is zetor






www.zetor.com



Генерален Дистрибутер за Македонија:

**ДООЕЛ ХЕМОМЕТАЛ Битола**

тел/факс: 047/268837; моб: 070237290

hemometalmk@yahoo.com

Zetor GROUP

Member of HTC holding

# МАКЕДОНСКОТО ВИНО ПРЕЗЕНТИРАНО НА САЕМОТ „PROVEIN"






Единаесет винарници учествуваа на меѓународниот саем „ProVein" (ProWein) 2010 кој се одржа од 21 до 23 март во германскиот град Дизелдорф. Заедно со CBI, холандскиот Центар за поттикнување на увозот од земјите во развој и Министерството за економија на Република Македонија, програмата АгБиз на УСАИД им помогна на винарските визби да се промовираат на национален штанд на површина од 120 квадратни метри, каде што ги изложија своите вина и сретнаа потенцијални меѓународни купувачи.

„ProVein" е дефинитивно најрелевантен саем за вино и алкохолни пијалаци во ЕУ и единствен саем од ваков вид во светот, каде што посетителите претставуваат мостри од своите производи, истражуваат новитети, откриваат нови трендови, ги обновуваат деловните односи и договори и создаваат нови зделки", вели Горан Дамовски, сениор-координатор на ланец на вредности и развој на маркетинг на програмата АгБиз. Минатата година четири македонски винарници успешно се претставија на „ProVein". Винарниците воспоставија бројни контакти со потенцијални купувачи. Во текот на следните осум месеци винариите успеаја дел од овие контакти да ги претворат во сериозни клиенти и како резултат на тоа беа испорачани палети на вино од Македонија во Белгија, Полска, Германија и Холандија. Земајќи ги предвид овие импресивни резултати, и оваа година АгБиз обезбеди поддршка на единаесет македонски производители на висококвалитетно вино во шишиња да ги промовираат своите индивидуални брендови и да создадат поширока свест за македонските вина на меѓународните пазари.




БАЛКАН БИОСЕРТ

Прва акредитирана и овластена Агенција во Македонија, за контрола и сертификација во областа на:

Органско производство

Ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет

Безбедност на храна

Стандарди за примарно земјоделско производство и бројни други национални и мегународни стандарди.

Се на едно место!

Со сертификацијата ја зголемувате довербата на потрошувачите, како и вредноста на вашите производи и услуги!

Балкан Биосерт заедно со меѓународните партнери, ќе ви помогне да ја зајакнете и зачувате позицијата на пазарот.

Балкан Биосерт Скопје
Ул.Даме Груев 5-8/9, Скопје
Тел.+389 (02) 3 239-239
www.balkanbiocert.mk
balkanbiosert@t-home.mk

## Осудени француски винари
# ПРОДАДЕНО ЛАЖНО ВИНО НА АМЕРИКАНЦИТЕ

Дванаесет винари и трговци од Carcassonea учествувале во лажниот извозот на 18 милиони шишиња од лажното „pinot noir" во САД под популарната етикета Red Bicyclette. Дванаесетте бескрупулозни винари ги удвоиле своите приходи, така што на најголемата компанија за тргување со вино, E and J Gallo, ѝ продале 13,5 милиони литри лажен „pinot noir", кој во САД бил продаван под популарната марка Red Bicyclette. Биле откриени кога француската царина забележала дека во САД е извезено повеќе вино од таа сорта, отколку што воопшто било произведено во целиот соодветен регион. Судот проценил дека обвинетите намерно и постојано го означувале поевтиното вино како поскапо и поквалитетно „pinot noir" и дека со таа измама заработиле седум милиони евра повеќе. Цената по која го купиле виното "пино ноар" била 58 евра за хектолитар што, всушност, е значително пониска од официјалната пазарна цена која изнесувала 97 евра, а евтините локални вина се продавале по 45 евра. Нивната измама предизвикала сериозни оштетувања на вината од Languedoc, за кои САД се важен пазар, се вели во пресудата со која винарите - измамници биле осудени на затворски казни во траење од еден до шест месеци и парични казни кои се движат од минималната, 1.500 евра, до максималната со која е казнет Sieur D'Arques, 180.000 евра. Неговиот адвокат го бранел својот клиент со тврдењето дека ниеден американски купувач не се пожалил на виното, додека адвокатот на другите обвинети тврдел дека виното што им го продавале на Американците ги имало карактеристиките на „pinot noir". E&J Gallo, кои немале врска со судењето, го повлекле Red Bicyclette од продажба.




# НАУЧНИЦИ НАПРАВИЛЕ ДОЛГОТРАЕН ДОМАТ

Индиски научници тврдат дека направиле домати кои остануваат свежи и по еден месец, додека обичните скиснуваат, пренесува „Sky news". Истражувачите го забавиле генетскиот процес на природното созревање на овие растенија, продолжувајќи им го животот за 30 дена. Ова е одлична вест за индиските земјоделци, кои го губат речиси половина од својот род бидејќи доматот им се расипува пред да стигне до продавниците. Научниците сметаат дека нивната технологија може да се примени и на бананите и на многу производи кои брзо зреат и брзо се расипуваат.





## Србија најголем увозник на македонско грозје

Извозот на македонското грозје во минатите пет години зебележително варира. Во 2005 година изнесувал 9,3 милиони американски долари, благо намалување има во 2006 година, а во 2007 година се зголемува на 15,3 милиони долари, што е скоро за два пати повеќе од износот во претходната година. Меѓутоа, во следните две години извозот се намалува, и тоа во 2008 година за 12 отсто (на 13,4 милиони долари) и во 2009 г. за 26 отсто - на 9,9 милиони, враќајќи се приближно на истиот износ од пред пет години. Главните извозни партнери на Македонија за грозје во 2009 година се Србија (59%), Црна Гора (10%), Албанија (8%), Босна и Херцеговина (8%) и Хрватска (7%). Во споредба со 2007 г. извозот во Србија е намален на половина, додека Бугарија, која во 2007 г. зазема 10% од извозот, во 2009 г. зазема само 0,6% од вкупниот извоз.




Статистички податоци од интернет-страницата на UNCOMTRADE
Извор: AgBiz

## Високи цени на шпанските домати во Шпанија и во Полска

Поради лошото време во Шпанија во текот на последните неколку недели снабдувањето со домати е значително помало отколку во 2009 година. Иако побарувачката не беше голема во почетокот, цените за домати со добар квалитет останаа високи. Шпанските домати коишто стигнаа во пазарот во Полска се со лош квалитет кој влијае на нивната конкурентност, но нивната понуда е голема. Доматите од Мароко и од Турција се исто така со слаб квалитет, но многу се поевтини од шпанските. Во втората недела на март цената на увезени домати повторно се покачи и на големопродажниот пазар во Бронице можеше да се најдат само домати од Шпанија, со цена од 2,23 до 2,27 евра за кг во картонска амбалажа од шест килограми, цена која е за 0,25 евра повисока во споредба со претходната недела.

*www.freshplaza.com;*

## Русија голем увозник на кромид од Холандија

Според прелиминарните податоци на ПТ/КЦБ, оваа сезона (6 јули 2009 - 15 јануари 2010) 514 милиони килограми холандски кромид е увезен од Русија. Овој износ е за 77 милиони килограми поголем од минатата сезона. Во втората недела од 2010 година (11-15 јануари) повеќе од 24 милиони килограми холандски кромид е извезен. Главните дестинации на извозот се Африка, Русија, Велика Британија, Бразил и Германија. Само Русија во овој период има увезено повеќе од 4 милиони кг холандски кромид.

*www.tuinbouw.nl*

## Кампања „Јаболко од Германија - овошје за тебе"

Седумдесет производители на јаболко, кои претставуваат 90 отсто од вкупното производство на ова овошје, се решија да започнат со заеднички маркетинг. Во оваа насока тие започнаа кампања со слоган „Јаболко од Германија - овошје за тебе". Преку оваа иницијатива тие се трудат да надоместат за вакуумот што се појави откако Централната маркетинг агенција на германските земјоделци беше затворена пред една година. Производителите се имаат договорено за долготрајни активности во полето на маркетингот и комуникациите. За почеток, активностите ќе бидат ограничени само на домашниот пазар. Нивната прва заедничка активност е организирањето на манифестацијата „Денови на германското јаболко" при што се поделени 40.000 јаболка во пет германски града. Кампањата, исто така, вклучува изработка на интернет-страница за информациии и вести за јаболкото: *www.genau-dein-obst.de.*

## Опаѓање на цените на виното во Шпанија

Пазарот на вино забележува опаѓање на цените на овој производ како резултат на разликата помеѓу понудата и побарувачката на вино во пазарите на Шпанија, како и во странските пазари. Оваа ситуација се одразува лошо на малите винарии кои се принудени да ги продаваат своите производи поевтино за да ги покријат своите трошоци. Поголемите винарии, исто така, се принудени да ги снижат цените за да ги задржат своите клиенти. Земјоделските здруженија и компании од овој сектор организираа протести и имаат побарано од Министерството за земјоделство да се спроведе таканаречена "Кризна дестилација" за 2,5 милиони хектолитри. Преку овој механизам, виното би било повлечено од пазарот и претворено во алкохол кој би се користел во индустријата или како гориво. Овие предложени мерки не се прифатени од Министерството за земјоделство. Цената на трпезно вино на шпанскиот пазар е околу 1,70 евра, додека производителите на грозје добиваат од 0,13 до 0,14 евра за килограм грозје. Дури и

најпрестижните винарии од Риоха имаат платено само 0,30 евра за килограм квалитетно грозје, додека производните трошоци за килограм квалитетно грозје се околу 0,40 евра. Според пресметките, побарувачката е намалена за 10 отсто на шпанскиот пазар, особено во угостителството, додека малопродажбата се стабилизира. Извозот е намален помеѓу 10 и 15 отсто, и покрај пониските цени.

## Азија ќе стане најголем производител на вино

Според новите пресметки специјално направени за овогодишниот саем „Винекспо", Азија е иднината на глобалната индустрија на виното и азискиот пазар ќе расте со побрз ритам отколку пазарот во Северна Америка. Во новата студија на Меѓународни податоци за вино и алкохол за периодот од 2009 до 2013 година, потрошувачката на вино во Азија ќе биде зголемена за 25 отсто, постигнувајќи близу 1,3 милијарди литри. До 2011 година, азиско-пацифичкиот пазар се предвидува дека ќе вреди повеќе од шест милијарди американски долари. Во десетгодишен период од 2004 до 2013 година потрошувачката на вино во Азија е предвидено да се зголеми за 86 милиони сандаци. Спротивно, во истиот период, во Северна Америка зголемувањето се предвидува да биде само 85 милиони сандаци. Според директорот на „Винекспо", Роберт Бејнат, Азија е иднината, додека Хонг Конг ќе стане важна порта поради својата локација во средината на азискиот пазар. До 2012 година потрошувачката на вино се предвидува да достигне повеќе од 33 милиони шишиња, од кои повеќе од 70% се очекува да биде црвено.

Пишува: Агрон Халими

## Цени на земјоделски производи во некои од регионалните пазари

**Големопродажни цени во Хрватска во март 2010 (во куни)**

| Производи | Осијек | Сплит | Загреб |
|---|---|---|---|
| Домати | 13.17 | 14.00 | 12.75 |
| Пиперки | 19.67 | | 17.50 |
| Пиперки (бабура) | 19.83 | 22.50 | 20.00 |
| Краставици | 12.33 | 14.33 | 11.50 |
| Зелка | 3.07 | 3.67 | 3.25 |
| Печурки | 21.33 | 22.50 | 15.75 |
| Јаболко Ајдарет | 3.75 | 4.33 | 4.00 |
| Јаболко Јонаголд | 4.30 | 5.00 | 4.50 |
| Јаболко Златен делишес | 4.60 | 5.17 | 4.50 |
| Грозје | 21.67 | 22.00 | 22.00 |

*1 Евро - 7.25 Куна*
*Извор: www.tisup.mps.hr*

**Големопродажни цени во Софија во март 2010 (во лев)**

| Производ | Потекло | Цена |
|---|---|---|
| Домати | Србија/Турција/ Македонија | 1.45/1.50/1.60 |
| Пиперки (зелени) | Домашно | 3.30 |
| Пиперки (црвени) | Домашно | 3.50 |
| Краставици | Домашно/Грција/ Македонија | 2.80/2.00/2.40 |
| Зелка | Домашно | 0.50 |
| Јаболко | Домашно/Грција/ Македонија/ | 0.60/0.80/0.65 |
| Грозје | Јужна Африка | 5.30 |

*1 Евро - 1.95 Лев*
*Извор: www.slatina-bulgarplod.com*

**Големопродажни цени во Србија во март 2010 (во динари)**

| Производ | Белград | Нови Сад |
|---|---|---|
| Домати | 165 | 160 |
| Пиперки | 190 | 200 |
| Пиперки (бабура) | 200 | 200 |
| Краставици | 150 | 150 |
| Зелка | 26 | 25 |
| Јаболко Ајдарет | 26 | 25 |
| Јаболко Црвен Делишес | 45 | 40 |
| Јаболко Златен Делишес | 40 | 40 |
| Грозје | 370 | |

*1 Евро - 99.2 динари*
*Извор: www.stips.minpolj.rs.gov.yu*

**Големопродажни цени во Подгорица во март 2010 (во Евра)**

| Производ | Мин | Макс | Просек |
|---|---|---|---|
| Јаболко Ајдарет | 0.29 | 0.43 | 0.36 |
| Јаболко Златен Делишес | 0.57 | 0.65 | 0.61 |
| Јаболко Црвен Делишес | 0.63 | 0.63 | 0.63 |
| Трпезно грозје | 2.60 | 2.70 | 2.65 |
| Домати | 1.50 | 1.50 | 1.50 |
| Пиперка | 2.00 | 2.20 | 2.10 |
| Пиперка (бабура) | 2.30 | 2.70 | 2.50 |
| Зелка | 0.33 | 0.37 | 0.35 |
| Краставици | 1.60 | 1.60 | 1.60 |

*Извор: www.amiscg.org*

| Продажни цени во Албанија во март 2010 (во Лек) | | | |
|---|---|---|---|
| Производ | Тирана | Фиер | Корча |
| Јаболко Ајдарет | 55 | 44 | 41 |
| Златен Делишес | 61 | 65 | 58 |
| Домати | 127 | 155 | 129 |
| Пиперки (зелена) | 242 | 255 | 248 |
| Зелка | 33 | 33 | 34 |
| Краставици | 172 | 185 | 148 |

*1 Евро - 138.7 Лек*
*Извор: www.kash.org.al*

| Продажни цени во Косово во март, 2010 (во Евра) | | | |
|---|---|---|---|
| производ | Приштина | Урошевац | Пеќ |
| Јаболко | 0.35 | 0.25 | 0.32 |
| Грозје | 3.30 | | 1.90 |
| Домати | 0.95 | 0.65 | 0.95 |
| Пиперки | 2.05 | 1.35 | 1.65 |
| Пиперки (лута) | 2.10 | 2.70 | 1.90 |
| Зелка | 0.22 | 0.32 | 0.29 |
| Краставици | 1.15 | 0.90 | 1.15 |

*Извор: www.food-ks.org*

## Цени на земјоделски производи во Република Македонија за март

| Цени од добиточните пазари во Р.М за март | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | | Сточни пазари | | | Забеле. |
| | | Скопје | Прилеп | Кочани | Мерка |
| Теле 1-6 месеци | мин. | 140 | 110 | 130 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 155 | 120 | 160 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 155 | 110 | 145 | КГ/Ж.м |
| Јуне 6-18 месеци | мин. | 130 | 100 | 110 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 140 | 110 | 120 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 135 | 100 | 110 | КГ/Ж.м |
| Молзни крави | мин. | 66000 | 36000 | 40000 | Грло |
| | макс. | 80000 | 72000 | 60000 | Грло |
| | најзастап. | 70000 | 61000 | 50000 | Грло |
| Јагниња до 18кг. | мин. | 180 | 180 | 130 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 180 | 180 | 150 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 180 | 180 | 140 | КГ/Ж.м |
| Јагниња над 18кг. | мин. | 190 | 120 | 120 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 190 | 150 | 130 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 190 | 140 | 120 | КГ/Ж.м |
| Прасиња до 20кг. | мин. | 180 | 150 | 170 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 180 | 150 | 180 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 180 | 150 | 180 | КГ/Ж.м |
| Прасиња од 20-35кг. | мин. | 150 | 140 | 130 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 150 | 140 | 150 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 150 | 140 | 140 | КГ/Ж.м |
| Гоеница од 90-110кг | мин. | 100 | 110 | 80 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 100 | 130 | 100 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 100 | 120 | 80 | КГ/Ж.м |
| Јариња | мин. | 160 | 100 | 110 | КГ/Ж.м |
| | макс. | 160 | 120 | 120 | КГ/Ж.м |
| | најзастап. | 160 | 120 | 110 | КГ/Ж.м |
| Сено (бала) | најзастап. | 100 | 100 | 100 | 13-18 кг |
| Луцерка(бала) | најзастап. | 80 | 180 | 80 | 10-15 кг |
| Слама (бала) | најзастап. | 50 | 50 | 50 | 4-6 кг |

* Цените се изразени во денари

| Малопродажни цени за март во Р.М. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домат | Прва | 87 | 101 | 92 |
| | Втора | 60 | 80 | 70 |
| Краставица | | 87 | 99 | 92,7 |
| Бел Пипер | | 137 | 153 | 142 |
| Компир | | 16,4 | 23 | 19 |
| Зелка | | 21,6 | 28 | 24,4 |
| Кромид | | 36 | 47,7 | 41 |
| Грав | | 99 | 127 | 112 |
| Круша | | 67,7 | 79 | 71 |
| Јаболка | | 15,5 | 23 | 19,5 |
| Јагоди | | 174 | 204 | 204 |
| Портокал | | 34,5 | 43 | 40 |
| Лимон | | 50,5 | 62 | 54,5 |
| Банана | | 45 | 52 | 49 |

*Извор: www.mzsv.gov.mk*
*ЗПИС-Пазарни информации*

| Големопродажни цени за март во Р.М | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Производ | Класа | Мин. | Макс. | Најзаст |
| Домат | Прва | 55 | 80 | 67,5 |
| | Втора | | | |
| Краставица | | 50 | 70 | 62 |
| Бел Пипер | | 70 | 80 | 75 |
| Компир | | 12 | 18 | 12,3 |
| Зелка | | 10 | 20 | 14 |
| Кромид | | 20 | 30 | 22,5 |
| Грав | | 60 | 100 | 72,5 |
| Круша | | 30 | 90 | 59 |
| Јаболка | | 11 | 20 | 14 |
| Јагоди | | 170 | 220 | 170 |
| Портокал | | 23 | 35 | 26,3 |
| Лимон | | 35 | 45 | 43 |
| Банана | | 30 | 50 | 34,3 |

# СТОП ЗА ПЛЕВЕЛИТЕ

**DMA-6** е селективен транслокациски хербицид во форма на течен концетрат за раствор (SL).
Содржи 670 гр/л 2,4 D.

**DMA-6** уништува едногодишни и повеќегодишни широколисни плевели во пченица, јачмен и пченка без подпосев. Се применува по никнување, кога пченицата и јачменот се во полно братимење па се до фаза на вретенесување и кога пченката е во фаза до 4 листа.
Доза на примена е 1 литар на хектар, со потрошувачка на 200 до 600 литри вода.

**Предности:**

- се користи во двојно помали количини од останатите 2,4 D препарати,
- нема непријатен мирис,
- поволно еколошко пакување,
- добро се раствора во вода.

Увозник: Хемомак пестициди ДОО Велес
тел: 043-212-552, 043-212-553

**DMA-6** * ХЕРБИЦИД

Dow AgroSciences ™

# CEZAR




*Дејство:*
CEZAR е превентивен и куративен (системичен) фунгицид-ботритицид за сузбивање на повеќе растителни болести во: лозарството, овоштарството и градинарството. Го спречува излачувањето на ензимите на патогенот кои се неопходни за процес на инфекција и пенетрација на 'ртулечните цевки во клетките на домаќинот. Во растението се движи трансламинарно со што се обезбедува контактно и системично делување.

*Примена:*
Се употребува за сузбивање на:
- сивото гниење на виновата лоза (Botrytis cinerea) во концентрација од 0,2% (200 ml/100 l вода)

Третирањето се изведува во следните фази:
- крајот на цветање (кога 80% од цветањето е завршено)
- пред затворање на гроздот
- почетокот на созревање на гроздот (прошарок).

Особено погоден за вински сорти поради тоа што има позитивен ефект врз ферментацијата и не делува врз квалитетот на виното. Не покажува вкрстена резистентност со другите користени фунгициди. Еден час по третирањето е комплетно навлезен во растението и не постои опасност од измивање со врнежи.
- чадлива краставост на јаболкото и крушата (Venturia spp) и гниење на плодовите (Monilia laxa) во концентрација од 0,1% (100 ml / 100 l вода). Третирањето со CEZAR може да започне уште во раните развојни стадиуми бидејќи делува и на ниски температури +5°C.
- монилија кај коскесто овошје во концентрација од 0,1% (100 ml / 100 l вода).
- сиво гниење во јагодесто овошје (Botrytis spp), во концентрација од 0,2-0,25% (200-250 ml /100 l вода). Третирањата се изведуваат во почетокот на цветање, а потоа во полно цветање. Доколку се јави потреба дополнително се третира две недели пред берба.
- сиво и бело гниење кај градинарски култури (Botrytis spp, Sclerotinia spp), во концентрација од 0,2-0,25% (200-250 ml / 100 l вода). Третирањето се изведува во периодот на цветање и дополнително доколку се јави потреба.

*Фитотоксичност:* Доколку се употребува според упатството за употреба, не постои опасност од фитотоксичност.

*Токсичност:* Препаратот според активната материја е распределен во трета група на отрови.

*Каренца:* 35 дена за винова лоза,14 дена за јагодесто овошје.

ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ХРВАТСКА
ОРИГИНАЛ
УВЕЗЕНИ ОД ХРВАТСКА


Гниење на зелкови култури


Сиво гниење на јагодесто овошје


Botrytis cinerea - сиво гниење на винова лоза


Venturia spp. - пегавост и краставост на јаболко


Monilia spp. - монилија

хемиска индустрија
HERBOS

Хрватски оригинални производи
со европски стандард и врвен квалитет
Тел./факс 02/2720-139, 2720-140, 2720-141
E-mail: herbos.sk@t-home.mk